Универзитет “Св. Кирил и Методиј” - Скопје
Филозофски факултет
Институт за социјална работа и социјална политика
“Мајка Тереза”

# ВЛИЈАНИЕТО НА КОНЦЕПТОТ НА РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ ВРЗ СИСТЕМОТ НА ЗАШТИТАТА НА ДЕЦАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Кандидат:**
Дарка Петрушевска

**Ментор:**
Проф. Д-р Јован Пејковски

Скопје, 2015 година

СОДРЖИНА

I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ ... 6
1. Формулација на истражувачкиот проблем ... 6
2. Дефинирање на клучни поими ... 10
3. Цели и задачи на истражувањето ... 14
3.1 Научна цел на истражувањето ... 15
3.2 Практична цел на истражувањето ... 15
3.3. Посебни цели на истражувањето ... 15
4. Предмет на истражување ... 16
4.1 Теоретско определување на предметот ... 16
5.Формулација на истражувачко прашање ... 16
6.Методи и техники на истражувањето ... 16
6.1 Методи на истражување ... 16
6.2 Техники ... 18
7. Ран детски развој ... 19
7.1 Влијанието на системските мерки за правилниот детски развој во период од раѓање до шест годишна возраст ... 19
7.2 Улога на градинката во раниот детски развој ... 23
7.3 Улогата на локална самоуправа во раниот детски развој ... 23
7.4 Европска перспектива на раниот детски развој ... 24
7.5 Влијанието на раниот детски развој врз успехот во училиште ... 26
7.6 Теоретски основи и истражувања ... 29
7.7 Универзален пристап во раниот детски развој ... 30
7.8 Алтернативни форми за пристап до разни форми на рано учење и згрижување во земјите на Европска Унија ... 31
II. ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ ... 38
1. Систем на заштита на децата во Република Македонија ... 38
1.1 Стратешки документи ... 38
1.2 Закон за заштита на децата ... 39
1.3. Подзаконски акти согласно Законот за заштита на децата ... 46
1.4 Носители на заштитата на деца во Република Македонија ... 51
2. Системи за заштита на децата во земјите членки на Европската Унија ... 61
3. Анализа на капацитетите на детски градинки и нивна искористеност во Република Македонија во периодот 2009 - 2011 година ... 75
4. Анализа на капацитетите на установи за деца и нивна искористеност во Република Македонија во период 2012-2014 година ... 98
4.1 Капацитети на установи за деца и нивна искористеност во 2012 година ... 98
4.2 Капацитети на установи за деца и нивна искористеност во 2013 година ... 100
4.3 Капацитети на установи за деца и нивна искористеност во 2014 година ... 103

III Компаративна анализа на институционалните капацитетите за ран детски развој во Република Македонија ................................ 105
1. Капацитети на установите за ран детски развој ..................... 105
2. Опфат на деца во раниот детски развој.................................. 109
Заклучоци ..........................................................................................113
Препораки...........................................................................................119
Библиографија .................................................................................... 121

## Вовед

Магистерскиот труд под наслод „Влијанието на концептот на ран детски развој врз системот на заштитата на децата во Република Македонија“ има за цел да одговори на поставеното истражувачко прашање, односно да обезбеди систематизирани податоци за предизвиците и придобивките од системските мерки кои ги превзема државата во раниот детски развој.

Згрижување и воспитание на децата во раниот детски развој претставува поддршка на целокупен развој и добробит на детето. Со правилно згрижувањето и воспитувањето на детето во овој период од развојот се создаваат услови за потикнување на развојот на неговите капацитети, проширување на искуствата и градење на сознанијата за себе, другите луѓе и светот. Со воспитната функција на семејството, која се добива од најрана возраст, како и помошта и поддршката преку понатамошното воспитување и вклучување во општествената заедница се дава мошност за развивање на потенцијалот на детето како претпоставка за понатамошен развој на општеството и негов напредок. Преку инвестирање во раниот детски развој се дава и можност за излегување од кругот на сиромаштијата.

Преку системот на заштита во раниот детски развој се овозможува заштита на правото на живот и развој на детето, заштитата на најдобриот интерес на детето, обезбедување минимум стандард за секое дете под еднакви услови, исклучување на било каква форма на дискриминација, почитување на правото на детето на слобода и безбедност на личноста, на сопствено мислење и слободно изразување, услови за здрав живот и остварување на други социјални права и слободи.

Правилното воспитување во раното детство има големо значење за правилен интелектуалниот, емоционалниот и социјалниот развој на детето. Затоа системот на заштита на децата е многу важен за создавање на услови за правилен развој со цел формирање на правилна и здрава личност за во иднина.

Начинот на воспитание на детето во предучилишниот период

имаат големо влијание врз психичкиот развој на детето како и врз успехот на детето во училиштето и подготовката за понатамошниот живот.

Џејмс Хекман[1], професор на Универзитетот во Чикаго и добитник на Нобелова награда рекол: „Доколку се инвестирањето во раниот детски развој - од раѓање па се до пет години, може многу да се постигне. Тоа е решение за подобро образование и подобри резултати во здравството, помалку криминал и глад и поголем економски просперитет". Според Хекман, ако уште од најрана возраст социјалните вештини се комбинираат со когнитивните вештини, ќе се добијат поспособни и по продуктивни граѓани. Тој открил дека раната грижа, условите за учење и физичкото здравје од раѓање до пет години многу влијае на понатамошниот успех или неуспех во општеството, додека самата превенцијата и инвестирањето во раниот детски развој е многу поуспешен и поевтин начин отколку лечењето по направената штета.

Националната правна рамка е значајна во однос на проширувањето на можностите за квалитетен ран детски развој за децата до шест годишна возраст.

Земјите од Европска унија имаат поставено амбициозни цели за да го подобрат квалитетот и квантитетот на раниот детски развој и пристапот до предучилишното образование за децата и нивните семејства. Идејата се базирана на економски како и невро-биолошки, образовни и социјални аргументи. Од економска гледна точка, најисплатливо враќање на инвестициите е со инвестирање во раните години од животот.

Истражувањето во магистерскиот труд се движи во насока на истакнување на значењето на раниот детски развој, системот за заштита на децата за ран датски развој во Европската унија, новите форми за ран детски развој, организациските и институционални капацитети во Европската унија и во Република Македонија.

[1] http://www.stepbystep.org.mk/WEBprostor/toolbox/karticka_za_WEB.pdf

Оправданоста на истражувањето во магистерскиот труд се состои во добивање на систематизирани податоци за превземените мерки од страна на државата, во раниот детски развој, придобивките од системските мерки за поголем и поквалитетен опфат на децата до шест годишна возраст во разните форми на предучилишното воспитание и образование, како и придобивките од вложувањата во овој период од развој на децата.

# I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

## 1. Формулација на истражувачкиот проблем

Според Законот за заштита на децата[2] на Република Македонија, заштитата на децата е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите и на државата за планирање на семејството, обезбедување услови и животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата. Обврските на државата се во создавањето на услови за водење на хумана популациона политика, давање соодветна материјална помош на родителите за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување на развој на установи и служби за заштита на децата.

Заради потребата заштитата на децата, воопшто но и во одделни случаеви во животот, да се подигне на повисоко ниво се применуваат одредбите од Конвенцијата за правата на детето[3] како и други релевантни конвенции, протоколи и документи.

Со примена на одредбите од конвенциите и другите меѓународни акти, во областа на заштитата на децата, акцентот е ставен на детето како субјект, на заштита на правото на живот и развој на детето, заштита на најдобриот интерес на детето, обезбедување минимум стандард за

[2] („Службен весник на Република Македонија" 23/2013,12/2014,44/2014,144/2014)

[3] Конвенцијата за правата на детето усвоена на Генерално собрание на Обединети нации со резолуција бр 44/25 од 20 ноември 1989 година стапила на сила на 2 септември 1990 година.

секое дете на кое му е тоа неопходно под еднакви услови, почитување на правото на детето на слобода, на сопствено мислење и слободно изразување, образование, услови за здрав живот и ред други социјални права. Во функција на подигнување на квалитетот на заштитата на децата се забранува секаков вид на дискриминација врз децата.

Со Законот за заштита на децата донесен 2013 година, се воспоставува систем на згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст во функција на раниот детски развој кој ќе претставува поддршка на целокупен развој и добробит на детето од предучилишна возраст. Преку системот се овозможуваат услови за поттикнување на развојот на детските способности и капацитети, проширување на воспитната функција на семејството, понатамошното воспитување и образование и вклучување во општествената заедница. На развојот на потенцијалот на детето се гледа како претпоставка за понатамошен развој на општеството и негов напредок. Преку системските мерки, се штити правото на живот и развој на детето и се обезбедуваат минимум стандард за секое дете под еднакви услови. Се предвидува и исклучување на било каква форма на дискриминација, почитување на правото на детето на слобода и безбедност на личноста, на сопствено мислење и слободно изразување, услови за здрав живот и остварување на други социјални права и слободи на детето.

Во член 32 од Конвенцијата за правата на детето се наведува следното: „Државите потписнички го признаваат правото на детето да биде заштитено од економска експлоатација и од вршење на било каква работа која е веројатно дека ќе биде опасна или ќе влијае на образованието на детето, или ќе биде штетна по здравјето на детето или физичкиот, менталниот, духовниот, моралниот или социјалниот развој..."

Во „Свет по мерка на децата""[4] се предвидуваат девет стратегии за борба против детскиот труд, а Милениумските развојни цели[5] повикуваат на заштита на децата од експлоатација. Базирајќи се на овие

[4] Резолуција ЕС-27/2на Генералното собрание на Обединетите нации " Свет по мерка на децата"

[5] Милениумските развојни цели се осум меѓународни развојни цели за коишто сите 192 земји-членки на Обединетите нации и најмалку 23 меѓународни организации се договорија да ги постигнат до 2015 година

документи државата преку системски мерки треба да обезбеди заштита на децата од злоупотреби на детскиот труд во продажба и производство на droги и други психо тропни супстанци, како и искористување на детскиот труд во остварување на лична корист.

Во Конвенцијата за правата на детето се наведува дека, секое дете има право на име и националност и право на заштита од лишување од неговиот идентитет. Запишувањето во матичната книга на родените е основен предуслов со кој се обезбедени овие права на децата. Во „Свет по мерка на децата“ се наведуваат развојни системи за евидентирање на секое дете кратко време по раѓањето, и остварување на право на лично име и национална припадност, во согласност со националните закони и релевантните меѓународни инструменти.

Согледувањето на состојбата и системот на заштитата на децата во Република Македонија покажа дека на постојниот систем со кој е уредена заштитата на децата неопходно му е осовременување во насока на прилагодување кон современите општествени текови. Осовременувањето се наметна и од потребата за вклучување на поголем број на деца во установи за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст. Севкупниот политичко-општествен амбиент, за промоција на раниот детски развој во Република Македонија, се базира на меѓународната рамка содржана во Конвенцијата, и осогласена со постоечката национална законска и политичка рамка.

Националниот развоен план за подобро образование на сите[6] во Република Македонија го вгради и раниот детски развој за децата од предучилишна возраст. За да може да се следи развојот на децата од предучилишна возраст се предвиде и донесувањето и имплементацијата на Стандардите за рано учење и развој кај оваа возрасна група.

Владата на Република Македонија, во рамки на Стратегијата за демографски развој на Република Македонија,[7] предвиде преземање на соодветни мерки и активности во делот на проширување на мрежата на детските градинки со цел за подеднаква достапност за сите деца, а

[6] 2008 – 2013 година
[7] 2008 – 2015 година

особено за децата од руралните или помалку развиените општини. Во исто време се предвиде и зголемување на опфатот на децата од предучилишна возраст.

Институционалната поддршка за раниот детски развој во Република Македонија ја обебзбедува Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука.

Националното законодавство (Закон за заштита на децата[8] на Република Македонија) го дефинира раниот детски развој како предучилишно образование кое опфаќа, покрај мерки за згрижување на децата, мерки и активности за промоција на здравјето и унапредување на интелектуален, емоционален, физички и социјален развој. Згрижувањето и воспитувањето на децата од предучилишна возраст се спроведува во детските градинки, а за децата кои што не се опфатени во овие установи, предвидени се можности за организирање на други скратени форми за децата до шест годишна возраст.

Во иднина, покрај формите на целодневно згрижување на децата во постоечките градинки, треба да се промовираат и кратки форми на опфат, во зависност од потребите, можностите и интересите на локалната заедница.

Во Националната програма за развој на образованието на Република Македонија,[9] се истакнува дека: „Раниот детски развој ќе претставува еден од приоритетите на Владата на Република Македонија, а помошта од граѓанскиот сектор во реализација на оваа цел ќе биде драгоцена".

Состојбите во предучилишното образование во 2011 година укажуваат на ограничена мрежа и недоволен опфат на децата (само околу 15% од децата на возраст до шест години се опфатени со некоја форма на предучилишно образование).

Процесот на децентрализација од 2004 година, единиците на локалната самоуправа ја презедоа одговорноста од областа на раниот детски развој. Пренесувањето на надлежностите од централно на

[8] („Службен весник на Република Македонија" 23/2013)
[9] 2005-2015 година

локално ниво требаше да ја подигне свеста на локалните власти за максимално искористување на постојните капацитети (инфраструктурни и кадровски), со цел локалната заедница да биде столб во реализирање на воспитно процес кај децата од предучилишна возраст.

Заради обезбедување на поголем квалитет во воспитниот процес во 2013 година е воведено лиценцирањето како задолжителна обврска за лицата кои се вклучени во реализација на воспитно образовните активности во дејност на згрижување и воспитување на децата. Поради поголема сигурност на родителите дека за нивните деца ќе се грижат лица кои добро ја познаваат и ја применуваат стручноста во извршување на работните задачи, а истите немаат психо физички недостатоци и не се осудувани за кривични дела за злоупотреба на деца. Исто така, се воведува системот за лиценцирање за стручните лица кои се вклучени во дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст.

## 2. Дефинирање на клучни поими

Во овој магистерски труд како основни поими се јавуваат следните:

**А. Ран детски развој** е правилен, предвидлив процес по еден континуиран пат, во кој детето учи да се справува со покомплицирани нивоа на движење, размислување, зборување, чувствување и воспоставување на релации со другите. Физичкиот развој, описменувањето и вештините за броење, социо-економскиот развој и подготвеноста за учење се суштински области за севкупниот развој на детето, кое пак претставува основа за севкупниот човечки развој.

**Б. Заштита на децата** претставува организирана дејност, заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството на државата и единиците на локална самоуправа за водење хумана социјална политика согласно со Законот за заштита на децата[10] на Република Македонија.

---

[10] („Службен весник на Република Македонија" 23/2013,12/2014,44/2014,144,2014)

**В.** Именката **политика** и придавките политичко, политичка, политички и други се употребуваат со различни значења и се среќаваат во различни изрази. Како и другите термини на општествените науки, така и терминот политика, не означува само еден, саморазбирлив не проблематичен и еднозначен поим. Со него и со од него изведените зборови се означуваат различни поими за природата, содржината и процесот на политиката односно на политичките појави како општествената појава. Ваквите разлики најочигледно доаѓаат до израз во секој обид за систематско претставување на постојаните сознанија и сфаќања за политиката. Во современиот англиски јазик овие различни нивоа на политичката појава се означуваат и со различни термини. Имено, во употреба се три специфични термини за кои во многу современи јазици нема еквивалентни зборови. Станува збор за термините **polity, politics** и **policy**. Зборот **Polity** ја означува формалната димензија на политиката. Под тоа се подразбира политичкото уредување на некоја заедница (уставен систем), нејзиниот институционален и нормативен склоп и во крајна линија организациска форма. За разлика од претхидниот, **Politics** го претставува самиот политички процес, настанувањето, изразувањето, судирите и поседувањето на интереси во една заедница. Тука спаѓаат актерите, процедурите, и самото дејствување. На крај **Policy**, означува политика како активност на конкретно одлучување во сите области на јавниот живот. Станува збор за материјалната или содржинската страна на политиката за донесување на одлуки (policy-making или decision-making) т.е. за претставките, содржината, и последиците од јавното одлучување. Терминот главно се однесува на однесувањето во рамките на граѓанското владеење, но се користи и за други групни односи вклучувајќи ги корпоративните, академските и религиските институции. Се состои од општествени односи кои вклучуваат власт или моќ и се однесува на регулација на јавните случувања во рамки на политичката единица и на методите и тактиките кои се користат за формулирање и употреба на политиката. Шарл Де Гол политиката ја поимува како нешто што го прават (значи некакво „правање“ или активност) политичарите. Предупредувајќи дека

политиката е нешто сериозно во смисла дека може да има сериозни последици по општеството и заради тоа не смее да им биде оставена само на политичари туку, треба да стане предмет на интересирање и неа да ја прават или во нејзиното правање да учествуваат (оттука , политичко учество) исто така и граѓаните. (Трајковски, 2005)

**Г. Социјална политика** или уште прецизно социјалните политики како што оправдано ја нарекуваат аналитичарите на развиените „држави на благосостојба" се изразува преку интервенциите на јавните власти кои преку разните политики настојуваат да ги разрешат социјалните проблеми во општеството. Според потесното толкување социјалната политика е и социјална асистенција, односно социјална помош или помош кон нај загрозените. Поекстензивни се дефинициите според кои социјалните прашања не се сведуваат единствено на проблемите на трудот и социјалното осигурување. Тие денес ги опфаќаат мнозинството услови на егзистенција на индивидуите. Во вакви пошироки рамки се опфаќаат и образованието, основната животна рамка (живеалиште, урбанизам, околина) потрошувачката, начин на живеење, здравство, семејство, буџет и културни наследства. Така, под поимот социјална политика се подразбира збир од мерки превземени на ниво на една нација, народ (држава) со цел да се подобрат или променат условите на материјалното или културното живеење во согласност со прогресивниот развој на социјалното право и со економските и политичките можности на односната држава, во дадениот момент. Социјалната политика покрива еден момент кој го ставаме меѓу феномените на економското и политичкото, односно меѓу две мошне блиски и взаемни свери врз кои реципрочно се потпира. Оттука социјалната политика се темели врз оптималноста на стопанскиот модел како и врз системот на политичко организирање. (Ружин, 2004)

**Д. Социјална заштита** на граѓаните, државата ја остварува во согласност со начелото на социјална праведност. Таа го воспоставува системот на социјална заштита и го овозможува неговото функционирање, обезбедува услови и мерки за вршење на социјално-

заштитната дејност и развива форми на самопомош. Социјалната заштита се утврдува како дејност од јавен интерес. Таа се дефинира како систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита. Системот се остварува преку стручна работа во установите за социјална заштита, спроведување на развојни програми, стручно усовршување на работниците во зависност од потребите на корисниците и меѓународните стандарди, следење на појавите и планирање на работата, водење на евиденција, како и преку спроведување на надзор и истражувачка работа во областа. Покрај мерките за социјална заштита на граѓаните, грижата на државата за спречување на настанување на социјален ризик се остварува и преку преземање на мерки во даночната политика, вработувањето, политиката за стипендирање, домување, заштита на семејството, здравство, воспитание и образование и во други подрачја во согласност со Закон за социјална заштита.[11]

**Ѓ. Социјално исклучување** (ексклузија) се однесува на процесот кој доведува одредени граѓани или групи да се најдат на работ на општеството, лимитирајќи го нивниот пристап кон ресурси и можности и ограничувајќи го нивното учество во социјалниот и културниот живот, што за последица има нивно маргинализирање и дискриминирање.

**Е. Развојни домени** се дефинираат како различни аспекти на развојот на детската личност, дека малите деца се развиваат холистички а посебните развојни домени се меѓусебно поврзани.

Димензијата на детскиот развој и учењето е поделена во 5 основни домени и тоа:

1. Физичко здравје и моторен развој;

[11] (Закон за социјална заштита-консолидиран текст 2014).

2. Социо-емоционален развој;
3. Развој на пристап кон учење;
4. Развој на јазикот, описменување и комуникација и
5. Когнитивен развој и стекнување на општи знаења.

Со дефинирање на домените, се укажува што се вреднува и какви треба да бидат децата и заедницата.

Во рамките на секој посебен домен може да се разгледуваат и субдомени, кои се однесуваат на некоја развојна специфичност во рамките на секој домен (на пр. „груб моторен развој“, како субдомени во рамките на доменот „Физичко здравје и моторен развој“).

**Ж. Стандард** е изјава за очекувања што децата треба да знаат и умеат да направат во текот на нивниот развој на одредена возраст. Тоа се генерални вештини, однесувања и концепти кои децата ги развиваат во рамките на секој развоен домен. Стандардите за рано учење и развој и се однесуваат на она што децата треба и можат да го направат на одредена возраст.

**З. Индикатори** се видлива и мерлива манифестација на она што детето го прави. Индикаторот е секогаш поврзан со стандардот. Тоа е компонента на секој стандард, кој покажува што детето треба да научи да прави за да го достигне стандардот. Во рамките на еден стандард може да има поголем број индикатори.

**Ѕ. Активности за учење** се стратегии во вид на разни активности коишто возрасните ги користат со детето, дома или во градинка, со цел да го забрзаат и поттикнат достигнувањето на индикаторот. Овие активности се насочени кон исполнување на индикаторот и во најголем дел, претставуваат интеракција на возрасните со децата, во насока на поттикнување на нивниот развој во процесот на учење.

## 3. Цели и задачи на истражувањето

### 3.1 Научна цел на истражувањето

Ова истражување има за цел да одговори на поставеното истражувачко прашање, односно да овозможи систематизирани податоци за предизвиците и придобивките од системските мерки кои ги превзема државата во раниот детски развој.

### 3.2 Практична цел на истражувањето

Магистерскиот труд треба да овозможи преку експликативно објаснување на појавата која е предмет на истражување да се осознаат предизвиците и придобивките од системските мерки кои се превземаат од државите за заштита на децата во раниот детски развој, со проверка на точноста и систематичноста на појдовната хипотеза на истражувањето. При тоа треба да се потврдат или отфрлат поединечните и посебните хипотези, со цел да се добијат проверливи, објективни и систематизирани податоци.

### 3.3. Посебни цели на истражувањето

Ова истражување ги има следниве цели:

- Поблиску да ги претстави институционалните и развојните капацитети и можности за ран детски развој во Република Македонија;
- да открие кои се придобивките од вложувањата во најраната возраст на детето;
- да покаже дали примената од политиките во заштита на децата нуди правилни и еднакви можности за развој на сите деца;
- да покаже дали обемот на искористеност на услугите во областа на раниот детски развој е во корелација со состојбите

- да покаже дали преку системските мерки ќе се подобри квалитетот на услуги на лицата вклучени во системот на згрижување и воспитување на децата.

## 4. Предмет на истражување

### 4.1 Теоретско определување на предметот

Предмет на ова истражување се предизвиците и придобивките од системските мерки кои ги презема Република Македонија во раниот детски развој, како и организациско-развојните и институционални капацитети и нивното влијание врз раниот детски развј. Анализирани се организациско-развојните и институционалните капацитети со цел да се потврдат наведените истражувачки прашања. Со анализата се истражуваа системските мерки кои се применувале од 2009 година до 2012 година и новите системски мерки за заштита на децата воведени од 2013 година до 2014 година.

## 5.Формулација на истражувачко прашање

1. Како се обликуваат мерките за раниот детски развој во рамките на системот на заштита на децата во Република Македонија?;
2. На кој начин системските мерки нудат можност за поголем и поквалитетен опфат во раниот детски развој ?

## 6.Методи и техники на истражувањето

### 6.1 Методи на истражување

Од методолошка гледна точка, истражувањето има дескриптивен и експликативен карактер. Со него се опишуваат одредените тенденции за предизвиците и придобивките од системските мерки за заштита на децата во раниот детски развој. Во истражувачкиот дел од овој труд применет е квалитативно-квантитативниот приод, како метод на

истражување. Според временската димензија, истражувањето припаѓа во групата на кохортни испитувања .

Покрај теоретските истражувања, беше применет аналитичкиот метод, метод на дедукција и општи методи како претставување на секундарни анализи, однсно анализа на секундарни податоци, релевантни за основното истражување.

Од методите на истражување беше применет методот на опсервација на постоечки податоци, истражувања, книги, стручни списанија, публикации и интернет содржин. Притоа, беа анализирани домашна и странска литература, секундарни извори на податоци и статистички показатели.

Во текот на изработката на трудот, беа применети и други методолошки постапки кои резултираат со теоретски и практични сознанија.

При изработката и обработка на истражувањето како една целина методите беа применети на следниов начин:

- **Метод на опсервација и презентација** на веќе постоечки податоци, се применети при пребарувањето на литература која се искористи при изработката на трудот. Притоа, беше избрана и е презентирана најсоодветна литература во однос на проблемот на истражувањето, односно претставени се сознанијата во врска со раниот детски развој и системот за детска заштита.

- **Аналитички метод** се примени при анализа на теоретските содржини од домашни и странски извори кои се однесуваат на раниот детски развој и ефетктие кои се постигнуваат.

- **Компаративен метод** се примени при компарирање на податоците од теоретската содржина од веќе постоечки анлизи и истражувања за раниот детски развој и системите за детска заштита кај нас и во европските држави.

❖ **Метод на дедукција** се примени при извлекувањето на заклучоците на истражувањето, за влијанието кое го има раниот детски развој врз развојот на личноста.

Потоа, податоците се анализираа, групираа и соодветно прикажаа од кои по што се изведоа индивидуални и компаративни заклучоци.

### 6.2 Техники

#### Квалитативна анализа на содржина

Една од техниките која е користена во истражувањето е анализата на содржина бидејќи, како техника честопати се сместува во истражувањето како постапка за прибирање на податоци. Со оваа техника во рамки на квалитативниот метод се собрани податоци за различни карактеристики на облиците и содржината за преземање на соодветни мерки и активности за правилен развој на децата. Како конкретни извори на анализа на содржина се јавуваат печатени текстови (публикации, книги, записници, списанија, статии, закони). Во ова истражување користени се одреден број на конкретни извори на анализа на содржина.

Инструмент кој произлегува од предметот на истражувањето е образецот за анализа на содржина. Во ова истражување се користеа три видови на инструмети на анализа на содржина.

**Првиот инструмент** на анализа на содржина е користен за проверка на истражувачкото прашање кое се однесува на ефикасноста на системските мерки за соодветен и сеопфатен систем на заштита на децата во раниот детски развој.

**Вториот инструмент** е наменет за оценка на влијанието од мерките за сеопфатен развој на сите деца.

**Третиот инструмент** на анализа на содржина е наменет за поголем квалитет и сигурност за згрижувачко воспитниот кадар.

## 7. Ран детски развој

### 7.1 Влијанието на системските мерки за правилниот детски развој во период од раѓање до шест годишна возраст

Првите шест години од детството се особено чувствителен и важен развоен период. Раното искуство и повторувањето доведуваат до моделите на активност во мозокот и телото, кои развиваат стабилност со текот на времето и ја поставуваат основата за животното физичко функционирање. Децата доаѓаат на свет со голем број на потреби кои се основа на нивниот раст и развој. Исхраната, здравствена заштита, социјална и емоционална сигурност и стимулација во овој период имаат големо влијание врз нивниот правилен развој.

Децата се раѓаат со голем капацитет за учење кој треба да се стимулира и надоградува во најраната возраст, за да се постигнат подобри резултати во иднина. Во текот на раното детство важно е да бидат изложено на амбиент во кој има можности за богато искуство за рано учење, во семејството или во средините каде претсојува. Малите деца и нивните семејства воспоствуваат контакт со ресурсите кои ги има локалната заедница (социјални, здравствени, обрзаовни установи, паркови, рекреативни центри) од моментот кога децата се раѓаат па се до длабока старост, но за жал многу малку се знае за значењето на периодот на раното детство во севкупниот животен циклус на човекот.

Најкритичниот момент за човековиот развој се првите шест години од животот. Во овој период развојот на мозокот поминува низ драматични промени кога се стекнуваат способности и вештини за размислување, говор и да учење. На возраст од три години мозокот на децата е 2,5 пати поактивен отколку мозокот на возрсаните и останува најактивен во првите десет години од животот.

Здрав развој кај децата зависи од квалитетот на стимулацијата и поддршката која децата ја имаат во својата социјална средина. За жал, доколку постојат негативни искуства на кои децата се изложени или недостаток на соответна социјална подршка во растот и развојот како

резултат на недоволна инвестиција во околината во која малите деца растат и се развиваат можно е да има несакани развојни последици кои тешко се корегираат во подоцнежните години. Од здравствен аспект, како најчести негативни, развојни резултати кои се јавуваат кај адолесцентите и младите се: невроразвојни пореметувања, ментални проблеми, загрижувачки здравствени пробелеми, шеќерна болест, астма и зголемена телесна тежина; додека пак од социјален аспект: сексуална злоупотреба и искористување, асоцијално и насилно однесување, злоупотреба на алкохол и дрога, зголемена застапеност на малолетнички криминал и неодговорно сексуално однесување. Корените на многу од овие негативни и непосакувани резултати потекнуваат од раното детство.

Доколку општествената заедница се вклучи со соодветни системски мерки и пристапи кон заштита на децата во овој период на нивниот развој секако и резултатите во иднина ќе бидат многу поголеми. Програмите и услугите кои се обезбедуваат од страна на државата за потикнување на раниот детски развој имаат повеќекратна предност. Тоа се програми кои обезбедуваат покрај нега и структурирани и наменски активности за учење, било на неформални или формални институции за предучилишни деца. (За деца над три години најмалку два часа дневно или сто дена годишно.)[12] Кога заедницата мудро инвестира во благостојбта на децата и семејствата, следните генерации го прибираат профитот преку поголемата продуктивност и поголема социјална одговорност кон заедницата.[13] Така, за децата долгорочно се обезбедува:

- Повисоки академски достигнувања;
- Подобро здравје;
- Редукција на злоупотреба;
- Повисока стапка на ученици со средно образование;
- Поголемио можнисти за вработување и
- Ниска стапка на адолесцентна бременост.

---

[12] Извор UNESKO- EEA- 2007

[13] Извор (Национален научен совет детски развој Центар за детски развој – Харвард Унивезитет , Јануари 2007)

За заедницата долгорочно се обезбедува:

- Ефикасен образовен систем;
- Намалена потреба од специјални училишта;
- Намалени повторувања;
- Зголемен број на лица со високо образование;
- Квалификувана работна сила;
- Помали трошоци за здравствена заштира;
- Пораст на приходи од даноци и
- Редукција на малолетничкио криминал и деликвенција.

Кај нас се смета дека образованието започнува со првиот школски час а завршува со напуштање на формалното образование.

Познато е повеќе од кога и да е како малите деца се развиваат, како учат и како да се потикне процесот на раното учење.

„Патеките на раниот развој зависат од интеракција меѓу гените и средина. Брзината на раниот развој надминува било кој друг период од животот. Тоа продолжува во бранови: различни области на мозокот стануваат активни во различни времиња и на различни интензитет. Бебињата и децата достигноваат пресвртници понекогаш одеднаш, а понекогаш по подолго период“[14].

Со системските мерки се воспоставува систем на згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст во функција на раниот детски развој на детето, кој ќе претставува поддршка на целокупен развој и добробит на детето од предучилишна возраст. Но, сеуште постојат заблуди дека градинките се за родителите, не се за децата бидејки долг период во градинките се згрижувани деца само на вработеки родители. Установите се грижат за семејството, што повторно е показател дека на установите за ран детски развој се гледа како на установи за згрижување, а не на воспитно-образовни центри што детето треба да ги посетува после одредена возраст, без разлика дали има кој да се грижи за него. Сеуште постојат заблуди дека правата едукација започнува со поаѓање на училиште. Човековиот интелектуален потенцијал се развива во текот на раното детство, тоа не е чисто

[14] Извор :UNESCO-EEA-2007

прашање на знаење и вештини туку прашање на когнитивна компетентност која вклучува кретаивно и независно размислување. Училиштето не е почеток, туку континуитет на развојниот процес кој започнал пред шест години. Училиштето може или да го зајакне или да го да потроши бескорисно она што е стекнато во раното детство.

Едукацијата во раното детство не е прескапа инвестиција бидејки инвестирањето во раната возраст се враќа повеќекратно во иднина. Оваа инвестиција допринесува за подобар пристап до едукативни можности на децата и во урбаните и во руралните средини, пристап на деца кои немаат адекватна стимулација во домашни услови како и обезбедување на еднаквост и рамноправност во остварување на правата, инвестирањето во најрана возраст преставува придобивка во човечки капитал и тоа:

- Резерви на знаење, вештини и компетенции
- Економски параметри и зголемување на човечкиот капитал (образование на мајката = потенцијал на детето )

Денес меѓународната заедница интензивно е посветена на елиминација на нееднаквостите помеѓу државите преку стратегии за зголемување на „човечкиот капитал“ кој преставува силен инструмент за редуцирање на социјалните и економските нееднаквости.

Можностите на државата и расположивите буџетските средства се ограничени и истите треба најмудро да се искористат, бидејки политиките кои се базираат на јаки економски докази упатуваат да се инвестира во малите деца. Инвестирањето кај сите деца со посебен акцент на загрозените. „Побарајте да се изгради скеле на поддршка околу загрозените деца и тоа за едукација на родителите, за исхрана, за рано учење и грижа за здравјето на нивните деца. Силното семејства и родителите се катализатор за подобро образование, здравство и подобри економски резултати за децата.“[15]

---

[15] ( James Heckman (добитник на Нобелова награда за економски науки)
***heckman**equation.org/.../invest-**early-childhood**-development-reduce-def...*

## 7.2 Улога на градинката во раниот детски развој

Улогата на градинката е од голема важност за децата во раниот детски развој бидејќи. Истата преставува стимулативен амбиент за развој на креативноста, самодовербата и социјалната компетенција кај децата од најрана возраст. На малите деца им е потребна поддршка но и дружење со возрасните а градинките обезбедуваа можности за интеракција и игра и ги подготвуваат за на училиште. Главниот придонес на градинките треба да биде во поттикнувањето на детскиот развој при што не треба да се заборава на поддршкат од родителите во балансирање на нивната улога.

## 7.3 Улогата на локална самоуправа во раниот детски развој

Квалитет на „човечки капитал“ треба да претставува предизвик за секоја локална заедница. Во најголем број земји фондовите за програмите за ран детски развој доаѓаат како трансефери од централниот буџет и се насочени директно на семејствата или на установите кои ги нудат тие програми. Локалната самоуправа е единствен извор на средства за финансирање на целиот период на ран детски развој и тоа во Данска, Хрватска, Полска, Исланд и Норвешка. Додека во Бугарија, Чешка, Летонија, Романија и Словачка, локалната самоуправа е единствен извор на поддршка за децата до три годишна возраст а во Шкотска и Германија за децата од три до шест годишна.

Локалната самоуправа игра голема улога во унапредување на раниот детски развој. Всушност во одсуство на експлицитни стратегии и политики за ран детски развој, тие треба да носат одлуки и да инвестираат во овој домен, понекогаш и несвесно (изградба на паркови, игралишта, библиотеки, обезбедување на јавна безбедност) овие инвестиции имаат значителен импакт врз малите деца и нивните семејства.

Локалните власти кои ја препознаваат потребата од инвестирање во своите најмали граѓани имаа многу начини како тоа да го направат

тоа. Локалните заедници треба да се фокусираат на инвестирањето во нешто што долго време било игнорирано како потреба и право на најмалите граѓани и нивните семејства. Долгорочно, оваа инвестиција е исто така профитабилна како и инвестиција во некои инфраструктурни проекти.

Инвестирањето во човечкиот капитал почива на инвестирање во раната едукација. Раната едукација посебно треба да биде насочено кон вулнерабилните (ранливите) и сиромашните деца, децата одредуваат каква ќе биде заденицата во иднина, но иднината на малите деца е во локалната заедница. Се поставува прашање дали во нашата заедница човековиот капитал е есенцијален за економски раст? Така, се доаѓа до потребата за стартешки пристап кон раното учење кај малите деца при што човечкиот капитал е предизвик за локалната заедница. Затоа, **единиците на локалната самоуправа** треба да имаат јасна визија за раниот детски развој, со пристап до целосна анализа на потребите за вклученост на децата од нула до шест годишна возраст во раниот детски развој. Стратешки пристап, буџетски трансвери и вклучувањето на локални партнери во реализација на целите се од примарно значење.

## 7.4 Европска перспектива на раниот детски развој

Со Лисабонската стратегија за финансиската теорија и пракса [16] се предвидени следните стратешки цели :

- Воспоставување на „конкурентна“ економија базирана на знаење и иновации;
- Одржлив економски развој;
- Подобра социјална кохезија;
- Поквалитетен пазар на работни места и
- Фокусирање на раното и доживотното учење.

Раното учење кај малите деца прерасна во главен приоритет во Европската Унија. Подобрувањето и обезбедувањето на рано учење и нега кај малите деца е главна тема и на Лисабонската стратегија која дефинира конкретни активности.

[16] Лисабонска стратегија за финансиска статегија и пракса (2000год.)

Денеска во земјите на Европската унија скоро секое дете на четири години посетува некоја форма на предучилишна установа. Од Приказот бр. 1 во продолжение, се гледа процентот на деца на четири години кои посетуваат предучилишни установи[17] во земјите членки.




Приказ бр.1. Процент на деца над 4 години кои посетуваат предучилишни установи во земјите од Евопа

Се поголема е иницијативата и вклученоста на локалната самоуправа за унапредување на раниот детски развој. Раниот детски развој се повеќе е во фокус на вниманито на меѓународната заденица, но и на политичарите, професионалниот кадар и самите семејства. Иднината на секоја заедница зависи од тоа колку се инвестира во здравјето и благостојбата на следните генерации. Начинот на кој децата растат и се развиваат во раните години од живото, има долготрајните последици по нивното здравје и благосостојба, но во исто време, се одразува и врз семејство и заедницата во целост.

---

[17] Извор:OECD(2012)OECD Family DatabaseOECD Paris

Социјалните инвестиции во раното детсво се враќаат со дупли дивиденди на општините и градовите. Всушност, одредени студии[18] презентираат пресметки според кои, секој долар инвестиран во раното детство обезбедува враќање на седумнаесет долари за заедницата, на долгорочна основа. Инвестирањето во квалитетни програми за потикнување на рано учење и развој кај малите деца преставува и еден од клучните фактори за прекин на ланецот на сиромаштијата[19].

Преку вклучувањена малите деца во раното учење и развој се постигнува:

- Успешно вклучување на жените во работната сила преку овозможување на правилно нега и грижа за нивните деца;
- Зајакнување на социјалните и когнитивните компетенции на децата и обезбедување на нивна безбедност во раното детсво;
- Промовирењеа на еднаквост и инклузија;
- Промовира солидна основа за ефикасно учење во иднина;
- Обезбедува позитивни резултати за сите деца и нивна социјализација при поаѓање училиште;
- Координација на сите сектори на локално и централно ниво
- Поставување на основите на квалитетот во иднина.

## 7.5 Влијанието на раниот детски развој врз успехот во училиште

Подготвеноста на децата за основно училиште може да се подобри преку посетување на програми за рано детско образование или преку посета на пред-училишно образование. Програмите за рано детско образование вклучуваат програми за деца со организирани компоненти за учење што пак не е случај со чувањето на деца во центрите за дневната грижа кои вообичаено не организираат образование и учење.

Истражувањата кои се направени од релевантни национални и

---

[19] (www.oecd.org/sosialfamili/database)

меѓународни институции[20], укажуваат дека децата кои биле вклучени во некои форми на рано образование и учење покажуваат многу подобри резулрати во основното училиште и во понатамошното образование.

Меѓународното студентско истражувања (ПИСА и ПИРЛС)[21] кое е направено во 28 земји од ЕУ, јасно ги покажуваат предностите на раното учење и развој. Според истото, децата кои подолг период посетувале некоја форма на пред училишно образование биле подобро подготвени да влезат и да имаат подобри успеси во основното образование. Податоците покажуваат дека колку подолго детето поминува во некоја форма на пред училишно образование, подобри резултати има во читањето.

Во 2011 и 2012 година, Бирото за развој на образованието во Република Македонија[22], спроведе истражување за влијанието на воспитно-образовната работа во детските градинки, врз успехот на учениците при совладувањето на наставните програми во прво одделение. Целта на истражувањетое да се обезбедат информации неопходни за креирање на политики за рана социјализација кои ќе придонесат за зголемен опфат во предучилишно воспитание на децата а воедно и функционално поврзување меѓу предучилишното и основното воспитание и образование. Истражувањето е направено врз основа на спроведено анкетирање и интервјуирање на стручни соработници, воспитувачи и наставници од градинки и училишта од седум општини. Кај најголем број на анкетираните стручни соработници од основните училишта и децата кои биле опфатени со воспитно образовна работа во градинки, можело да се забележат видни разлики меѓу децата кои посетувале некакви форми на воспитно-образовна работа пред училиштето, и оние кои не посетувале и тоа:

- во однос на однесувањето во просторијата;

[20] Биро за развој на образование РМ ,ПИСА и ПИРЛС.

[21] Програма за меѓународно оценување на учениците (ПИСА )студија за напредок во меѓународните Читање со разбирање ( ПИРЛС )

[22] Истражување спроведено од Биро за развој на образованието од септември 2011 до јуни 2012 година

- начинот на комуникација на децата и возрасните и
- самодовербата, говорот и предзнаењата.

Слични согледувања имало и од одделенските наставници кои се метале дека, децата кои ги посетувале детските градинки имале поголема самодоверба и предзнаења, применувале културно-хигиенски навики, полесно се снаоѓале, полесно воспоставувале комуникација со наставникот, другарчињата и другите возрасни, имаат поголем фонд на зборови, се изразувале правилно и се однесувале послободно.

Во однос на адаптацијата, истажувањето покажало дека најголем број од децата кои биле опфатени со воспитно образовна работа во градинките побрзо се адаптираат во однос на децата кои не посетувале никаква форма на предучилишно воспитание.

Во врска со комуникативните вештини и односот кон другарчињата и другите возрасни во училиштето, кај најголем број на ученици кои биле опфатени со воспитно образовна работа во градинка се забалежително покомуникативни и послободни за разлика од оние кои не биле во градинка. Во подоцнежниот период, според одделенските наставници кај некои ученици комуникациските вештини зајакнале повеќе отколку кај оние кои не посетувале градинка, полесно стапуваат во контакт со други деца и појавуваат желба за соработка со соучениците и наставниците.

Според изјавите на одделенските наставници, децата кои посетувале градинка покажувале поголема самодоверба, поголема сигурност во себе и побрзо и по сигурно ја зјакнуваат својата самодоверба, активно учествуваат во донесување на правила на однесување и истите ги почитуваат и применуваат. Овие ученици имаат големи предзнаења, по сите наставни предмети, и во првото тромесечие покажувале најдобар успех по сите наставни предмети.

Според 40 одделенски наставници (60% од анкетираните), интересот на родителите за учениците кои биле опфатени со воспитно-

образовна работа во градинките бил голем, родителите доаѓале по сопствена иницијатива и барале повратна информација за напредувањето на нивните деца.

Испитаниците ги дале следните предлози за опфаќање на децата во Република Македонија со задолжителна воспитно-образовна работа пред поаѓање во училиште:

- да се донесе Закон за задолжителна воспитно-образовна работа во годината пред поаѓање во училиште;
- да се донесе нова Програма за воспитно образовна работа во годината пред поаѓање во училиште;
- да се донесе Закон за задолжително предучилишно воспитание, а не само за година пред поаѓање на училиште;
- да се организира кампања и да се организираат работилници со родители за подобрување на ставот кон предучилишното образованиеи воспитание и сваќањето на неговото значење за развојот на децата;
- да има повеќе детски градинки;
- зголемување на просторот во детските градинки и
- да се организираат форми на опфат на деца пред поаѓање во училиште, со траење од два до три часа дневно.

## 7.6 Теоретски основи и истражувања

За рана социјализација и предучилишно воспитание и образование укажуваат и теориите на Хант, Брунер, Блум, Пијаже, Ериксон, Виготски и други. Тие укажуваат за значењето на раното детство за интелектуалниот, емоционалниот и социјалниот развој а со тоа и на важноста на организирано создавање услови за тој развој. Фактот дека секое дете има свои интелектуални специфики и развојни

потенцијали, бара негово поставување во партнерски односи со сите субјекти во воспино образовниот процес.

Начинот на воспитание и образование на детето во предучилишниот период имаат големо влијание врз психичкиот развој на детето и развој на способностите потребни за поаѓање во училиште. Генерално, учениците кои посетуваат детска градинка покажуваат подобар успех во текот на понатамошното школување.

Џејмс Хекман, професор на универзитетот во Чикаго и добитник на Нобелова награда рекол дека инвестирањето во раниот детски развој е решение за подобро образование и подобри резултати во здравството, помалку криминал и глад, и поголем економски просперитет. Според Хекман, ако социјалните вештини се комбинираат со когнитивните вештини уште од најрана возраст, ќе се добијат поспособни и попродуктивни граѓани. Тој открил дека раната грижа, условите за учење и физичкото здравје, од раѓањето до пет години, значително влијаат на понатамошниот успех или неуспех во општеството, а превенцијата и инвестирањето во раниот детски развој е многу поуспешен и поевтин начин отколку лечењето по направената штета.

Многу земји како Данска, Германија (од август 2013 година), Естонија, Малта (од Април 2014 година ), Словенија , Финска, Шведска и Норвешка,[23] гарантираат право па секое дете веднаш, по раѓањето и по завршување на породилното боледување на мајката, да се вклучи во предучилишно воспитание и образование. Истите сакаат да обезбедат и подобрат квалитетот но и квантитетот на раниот детски развој. Идејата е базирана на економски, неуро-биолошки, образовни и социјални аргументи.

## 7.7 Универзален пристап во раниот детски развој

[23] European Commission/EACEA/Eurydice/Eurostat, 2014. Key Data on Early Childhood Education and Care in Europe. 2014 Edition. Eurydice and Eurostat Report. Luxembourg: Publications Office of the European Union.

Унивезален пристап во раниот детски развој е заложбата за сите деца да имаат еднакви шанси за пристап до формите на рано учење и згрижуавање. Се поставува прашањето, дали е можен „универзален пристап“ со сегашна организација на предучилишно воспитание. Постојат предучилишни установи кои не може да ги задоволат потребите на сите деца и истите се со традиционални, ригидни програми, нефлексибилно работно време, нефлексибилен дневен режим (спиење и исхрана), нефлексибилни услови за отварање на градинки, висока цена на чинење и застарена мрежа на јавен транспорт.

Отворено е и прашањето, дали се опфатени во предучилишното воспитание децата во рурални средини, децата од сиромашни семејства, децата на необразовани родители кои не ја препрознаваат потребата предучилишно воспитание, како и децата од дисфункционални семејства. Со воспоставувањето на универзален пристап треба, да се даде можност за сите деца, преку разни форми на рано учење и развој, да се опфатат со пред училишно воспитание и образование а со посебен акцент на децата од маргинализираните семејства.

## 7.8 Алтернативни форми за пристап до разни форми на рано учење и згрижување во земјите на Европска Унија

Со цел да се обезбеди универзален пристап и еднакви шанси за пристап до разни форми на рано учење и згрижување европските земји, заземаат различни пристапи со кои се дозволува институциите да обезбедуваат широка палета на услуги, поврзани со раното учење и згрижување.

Интервенциите во раниот детски развој можат да бидат во различни, форми, односно да варираат во однос на прашањата на содржината, со акцент на сфери како рано образование и писменост, исхрана, родителски вештини и знаење, имунизација и хигиена. Интервенциите од државата во раниот детски развој исто така, можат да варираат во однос на видот на давањето на услугата, (услуги кои се

добиваат во некој центар или училиште, услуги кои се даваат во домот на детето преку посети, директен паричен надомест или социјален маркетинг и реклама). Она што е заедничко за сите нив е тоа што, целта е да се унапредат способностите на детето, преку преобликување на неговите опкружувања и искуства.

Овие алтернативни форми се применуваат со цел да се намали нееднаквоста во пристапот на оние кои „можат“ и оние кои „не можат“, при тоа, почитувајќи го научниот консензус дека сите деца треба да имаат адекватна подршка и стимулација во раното детство. Не секогаш, потребите на децата се задоволуваат со целодневен престој во предучилишна установа со ригидни програми, како и поголема можност за искористување на постоечките ресурси и алтернатива за традиционалните и скапи предучилишни установи кои бараат скапа инфраструктура, одржување и административен балас.

Во јавноста постојат стереотипи според кои, програмите за ран детски развој се состојат од модели и тоа 25-30 мали деца на возрсат од 3-5 години, седат дневно згрижени во дом на негувател, дом на детето или во училница, во која играат со коцки и се надгледувани од професионален учител- воспитувач.

Меѓутоа, во рамките на интегриран и холистички пристап кон раниот детски развој, развиени се разни комлементарни модели со цел да се обезбеат поголем број на услуги, за голем број на деца, на разни возрсти со ресурсите кои постојат. Во последните три декади, во светот се екпериментира со разни модели и форми на предучилишно образование и воспитание. Во европските држави постојат разни форми за нега и рано учење кај деца од предучилишна возраст и тоа:

- *Дневното згрижување* - се реализира во приватен дом на неговател или во домот на детето со лиценциран негувател, самозапослен или запослен во општина и истото е регулирано со закон. Во некои земји, дневното сгрижување (во домот на детето) се смета за приватно договарање со родителот и не е регулирано со закон.

- *Центрите за згрижување и рано учење на деца од предучилишна возраст* - се колективно згрижување до пет деца на возраст од шест или дванесет месеци до шест години основани како јавна или приватна установа.
- *Возрасно интегриран центар* - овие центри се поделени за возрасти од нула до три години и од три до шест години, со целодневен или полудневен програм од 20 часа и регулиран минимален број на квалификувани професионалци.
- *Јасли* - професионални, центар за доенчиња и деца до три годишна возраст.
- *Градинки или предучилишни програми* - основани како професионални центри во кој се згрижуваат деца на возраст; од три до шест години. Доминантна е едукативна компонента, како и примена на холистички пристап со претходно дефинирани домени на учење и стекнати компетенции (стандарди). Со децата работи високо квалификуван кадар кој врши подготовка на децата за училиште преку нумерички и јазични вештини;
- *Рекреативни центри за деца/дневен прстој* - основани како професионални центри за згрижување на деца на возраст од три до дванаесет години, лоцирани во училишна зграда или други објекти и се користат за слободни рекреативни активности;
- *Игротеки* - иницијална фаза на организирани инструкции со намена за воведување на децата во училишен амбиент, бесплатни се и се финансирани од државата или општината. Програмата ја изведуват учители, а педагошката ориентација е кон здобивање на дефинирани знаења само во когнитивен домен;
- *Јавно предучилишно образование (забавишта)* - иницијална фаза на организирани инструкции со намена за воведување на децата во училишен амбиент, бесплатни за корисниците и се финансирани од надлежно министерство или општина. Програмата ја изведуват учители со педагошка ориентација кон здобивање на дефинирани знаења само во когнитивен домен.

- *Сеопфатни сервиси за ран детски развој* - го надминуваат педагошкиот принцип и истите се фокусира на семејството и заедницата, спроведуваат теренски активности, работа во соработка со останатите сервиси, посебно се фокусирани на родителите со цел преку родителите да го потикнат детскиот развој. Вршат обука за вработување како и реализираат рекреативни активности со родителите и децата.
- *Проширени установи* - Вршат здравствени систематски прегледи и упатување како и соработка и поврзаност со други социјални и здравствени установи за деца со ризик. Карактеристики на овие установи е обезбедување на ужина и најмалку еден главен оброк, работното време е најмалку седум часа во ист простор.
- *Интегрирани сервиси* - овие сервиси даваат услуги за мали деца во соработка со здравствени и социјални сервиси истите се наменети главно за ранливи групи на деца. Активностите се реализираат од осум до десет месеци, или единаесет месеци во земјите членки на ОЕЦД. Се применуваат целодневни и полудневни програми и сесии. Целодневните програми се во траење од дваесет и пет до педесет часа неделно, детето е присатно најмалку пет часа дневно. Полудневните програми се во траење од дванаесет и пол до дваесет и пет часа неделно со најмалку два и пол часа дневно присуство на детето. Сесиите се организираат во траење помалку од дванаесет ипол часа неделно.
- *Центри за ран детски развој* - алтернативни форми на постоечкиот систем, каде не постојат можности за опфат на децата во некоја програма за рано учење и развој. Основните задачи на центрите за ран детски развој во заедницата се:
    - Поддршка на локалната заедница во идентификација на ранливите групи на деца;
    - Организирање на активности за потикнување на ран детски развој во заедницата (интензивна соработка со родителите);

- Помош и поддршка на родителите во олеснување на пристап до основни социјални сервиси кои им се потребни на децата;
- Примена на Стандарди за рано учење и развој во потикнување на ран детски развој кај децата кои ги посетуваат центрите;
- Подигање на свесноста за значењето на раниот детски развој во локалната заедница;
- Флексибилност во развивање на стратегии како да се вклучат најранливите;
- Флексибилно работно време;
- Активности според потребите и интересите на разни типови на семејства (домашни посети, сесии за описменување на родители и

  за нивно советување како да го потикнат раното учење во текот на секојдневната интеракција со децата);
- Во секое време отворени за родителите и останатите членови на семејството;
- Го зајакнуваат чувството на припадност - центарот е дел од соседството;
- Географска достапност во најодалечените подрачја;
- Користење на надворешната околина како амбиент за потикнување на раното учење и
- Работат спред Стандардите за рано учење и развој како референца за тоа што треба да знаат и можат да направат децата на одредна возрсат.

Центрите за ран детски развој како отворена врата кон универзален пристап, им даваат исти шанси на децата од географски изолирани и маргинализирани заедници за пристап до разни форми на рана стимулација и рано учење како и на нивните врсници во урбаните и економски поразвиени заедници.

Во Центрите малите деца учат:

- Да слушаат и да бидат слушани;

- Да играат и да споделуваат играчки со другите;
- Да го користат мајчиниот јазик за изразување на своите идеи и мисли;
- Да го посветат своето внимание и енергија на одредена активност;
- Дека книгите се важен извор на многу информации;
- Помага за стекнување на позитивни искуства кај децата при кратко оделување од семејството;
- Ја зајакнуваат нивната самодоверба;
- Да развиваат социјални вештини и способности и да функционира во група на деца и да работи во тим;
- Се потикнуваат и охрабруваат да размислуваат, прашуваат и експериментираат;
- На физичкиот развој и зајакнување на моторните вештини;
- Да практикуваат здрави и безбедни животни стилови;
- Да ја почитуваат својата заденица, но и да ги почитуваат културните разлики кај другите и
- На креативноста, иницијативноста и самостојноста.

Центарот постојано е во отворена комуникација со родителите и семејствата на децата кои го посетуваат центарот. Сето тоа го прават низ игра и многу забава и со минимална цена на чинење.

Формите кои се користат во европските земји за поголем опфатат на бројот на деца во раниот детски развој, се разликуваат од држава до држава. Така, во Португалија во соработка со централна власт и локална заедница, во планински села е извршено мапирање на состојбите, при што е констатирано дека нема доволен број на деца и не е исплатливо отварање на традиционална градинки, нема обезбедено јавен транспор, а децата од тоа подрачје покажувале лоши резултати при поаѓање во училиште. Поради сето тоа, се пристапило кон „алтернативната“ форма при што, надлежното министерство за образование, презема обврски за покривање на трошоци за плата а локална зедница за патни трошоци и дидактички материјали. Активностите на групите (3-4деца) се

реализираат во приватна куќа на едно од децата, воспитувачот реализира програмски активности два пати неделно, од три до четири часа дневно. Работните состаноци на персоналот се реализираат, два пати годишно на кои се разменува на искуството, се планира на работата, се известува и се евидентираат активности за учење.

Таму каде нема градинки преку алтернативна форма се планираат друг форми, што е случај и во Полска. Најнапрет, е направено мапирање на состојбите за нееднаквост во пристапот во подрачјата со висока невработеност и одалеченост од екомоските центри. На почетокот, било спроведен пилот проект во осум општини, во кои се формирани четиринаесет предучилишни центри, а подоцна е проширен во дваесет и шест општини и четириесет и два центри. Во дваесет и оусм рурални подрачја формирани се седумдесет и пет центри при што се опфатени осумстотини деца, на возраст од три до пет години. Програмите во центрите се реализираат од девет до дванаесет часа неделно за групи составне од три до четири деца. Со центрите управува локалната власт и ја обезбедува опремата и платата за учителите. Донаторите обезбедуваат обука на учителите (140 часа), вклучување на родителите во групни активности, работа со проблематични деца како и изработка на едукативен материјал. Центрите работат со група од десет до петнаесет деца, и во истите се реализираат групна и индивидулана работа со деца. Согласно со целите од предучилишниот курикулум, учителите изготвааат планови кои се базирани на целите кои ги одобрува надлежното министерство. 30% од финансиите доаѓаат од централна Влада, 60% од општините, додека родители плаќаат 10% од вкупната цена (од 18-200 €).

Во Финска, социјалната политика ја дефинира поделбата на одговорности за раниот детски развој меѓу државата и општините. Сите деца имаат право бесплатно да посетуваат предучилишна установа пред поаѓање на училиште (до шест години). Воедно, сите деца имаат право на место во предучилишна установа а во секоја општина функционираат мали и дистрибуирани центри (вкупно 2700), каде задолжително за сите деца мора да има место, доколку има интерес од родителите.

Во Чешка и Лихтенштајн, две години пред поаѓање на училиште законско право е еднаш неделно децата од предучилишната возраст да се опфатени преку алтернативни форми, во времетраење од шеснаесет часа месечно, во задолжителното предучилишно образование.

Унгарија има две форми кои се насочени кон различни старосни групи и се предмет на различни прописи. Тоа се згрижување во установа и домашно згрижување (обезбедено од страна на физички лица, или како услуга за група од две до три деца).

Во Исланд, децата на возраст од една до шест години можат да посетуваат предучилишна центри (игротеки), како и законско регулирано, домашно згрижување за децата од раѓање до две години и истото е под надлежност на државата.

# II. ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

## 1. Систем на заштита на децата во Република Македонија

### 1.1 Стратешки документи

Раниот детски развој е определен како приоритет уште во 2005 година со Националната програма за развој на образованието на Република Македонија[24]. Во Програмата се истакнува дека: „Раниот детски развој ќе претставува еден од приоритетите на Владата на Република Македонија, а помошта од грѓанскиот сектор во реализација на оваа цел ќе биде драгоцена".

Исто така и во Националниот развоен план[25], во рамките на подобро образование за сите, е вграден и раниот детски развој насочен кон децата од предучилишна возраст. За да може да се следи развојот на децата од предучилишна возраст е дефинирано и донесувањето и

[24] Националната програма за развој на образованието на Република Македонија, 2005-2015

[25] Националниот развоен план 2008 – 2013 година, Република Македонија

имплементацијата на Стандардите за рано учење и развој кај оваа возрасна група.

Владата на Република Македонија, во рамки на Стратегијата за демографски развој на Република Македонија[26], предвидува преземање на соодветни мерки и активности во делот на проширувањето на мрежата на детските градинки, а со цел постигнување на подеднаква достапност за сите деца. Ова особено важи за децата од руралните или помалку развиените општини. Во исто време, наведени се и мерки за зголемување на опфатот на децата од предучилишна возраст во установи за згрижување и воспитание на деца.

„Стандарди за рано учење и развој на децата од раѓањето до шест годишна возраст"[27], е документ кој промовираат еден иновативен пристап во поттикнување на раното учење кај малите деца. Истиот се фокусираат на холистички пристап, односно на сите аспекти на развој и на позитивни излезни резултати а со цел да се поттикне и искористи севкупниот развоен потенцијал на секое дете уште од најмала возраст. Ова се однесуваат на сите деца без разлика на физичките способости, етничката припадност, културолошките особености и социо-економскиот статус на семејството. Стандарди за рано учење и развој даваат насоки на воспитувачите, за тоа како да ја концепираат воспитно-образовната работа со децата, со цел да ги потикнат развојните постигања во сите домени на стандардите (или очекуваните резултати за тоа што децата треба да знаат и може да направат во определен период од развојот).

### 1.2 Закон за заштита на децата

Системот и организација на заштитата на децата е уредуван со Законот за заштита на деца[28] на Република Македонија. Со основниот текст на Законот, донесен во 2000 година, е уредена материјата која се однесува на заштитата на децата. Закон претпрпе неколку измени и

---

[26] Стратегијата за демографски развој на Република Македонија 2008 – 2015 годин

[27] Стандарди за рано учење и развој на деца од 0-6 години Министерство за труд и социјална политика 2009 година

[28] Службен весник на Република Македонија", бр.98/00, 17/03, 65/04, 113/05, 98/08, 107/08, 83/09, 156/09, 51/11 и 157/11

дополнувања и тоа: во 2003 година, во 2004 година, во 2005 година. Со измените на Законот за заштита на деца 2003 година (Сл.весник на рм бр 17/03) се утврдува височините за детски додаток а семејството на име на правото на детски додаток за деца може да оствари правото не детски додаток за сите деца најмногу до 1.800денари. Со измени и дополнувања на Законот за заштита на деца 2004 година (Сл.весник на рм бр.65/04) помош за опрема на новороденче се обезбедува за прво новородено дете како паричен надомест. Со измени на Законот за заштита на деца во 2005 година (Сл.весник на рм бр.113/05) се прават измени во делот на остварување на помош за опрема на новороденче за прво новородено дете се обезбедува право на паричен надомест а висината на помошта за опрема на новороденче се утврдува во зависност од просечниот месечен приход на семејството на подносителот на барањето .

Измените и дополнувањата од 2008 година, се во функција на имплементација на Стратегијата за демографски развој во Република Македонија (со кој се востанови ново право родителски додаток за дете за второ, трето и четврто дете), а правото за помош и опрема на новороденче се трансформира во право еднократна парична помош за новороденче. Во 2009 година, измените и дополнувањата на Законот беа во насока на осовременување односно, на прилагодување кон современите текови во општеството. Извршена е и промена на начинот на пресметување на правата за заштита на децата како и на останатите износи кои се поврзани со остарувањето односно валоризирањето на правата од заштитата на децата кои наместо со проценти пресметани од просечната плата исплатена по вработен во Република Македонија, се утврдени во апсолутни износи, а усогласувањето на истите се врши со порастот на трошоците на живот.

Заради потребата, заштитата на децата воопшто но и во одделни случаеви во животот, да се подигне на повисоко ниво, во Законот се вградени поголем дел од определбите од Конвенцијата за правата на детето, како и од други релевантни конвенции, протоколи и документи.

Со измените и дополнувањата, внесена е забрана за дискриминација во оваа област, со што е извршено транспорирање на Директивата 2000/43/ЕЗ на Советот на Европа[29] за имплементирање на принципот на еднаков третман на луѓето, почитувајќи ја расната или етничката припадност. Со ова, барателот или корисникот на заштита на децата не смее да биде ставен во неповолна положба во однос на други лица (разработена во сите сегменти на остварувањето на правата и облиците на заштитата на децата).

Со Закон за заштита на децата, од 2013 година, се прецизира новиот концепт за доградба на системот на заштита на децата, особено делот за организацијата и начинот на обезбедување на услови за заштита на децата, како дејност од јавен интерес. Доследно се респектираат правата на децата, обврските на родителите и на локалната и државната власт во однос на семејството и децата. Со Законот се обезбедува:

- Заштитата на децата како организирана дејност, заснована на правата на децата да се остварува преку грижа и заштита на децата, нивниот ран развој и запознавање со современи концепти, подигање на нивото и квалитетот на развој и на можностите и условите кои им се обезбедуваат на децата;
- Зајакнување на контролните механизми во државата и општината за спречување на секакви злоупотреби на деца и институционално јакнење на инспекциите, стручниот надзор и контролата;
- Поврзување на заштитата на децата во информатички систем кој би продуцирал дневни извештаи за бројната состојба и за потребите на децата, како и други податоци преку кои би се реализирале целите во овој домен во установите и другите облици на заштита на децата и

[29] 29 јуни 2000 год.

- Создавање на пазарни можности и поттикнување на повеќе учесници да се јавуваат во обезбедување на услуги за децата.

Со Законот се уредува системот и организацијата за заштита на децата. Заштитата на децата е организирана дејност, заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациона политика. Заштитата се остварува со обезбедување на услови и ниво на животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата.

Државата, како и единиците на локалната самоуправа се грижат за давање на соодветна материјална помош на родителите за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата, организирање и обезбедување на развој на установи и служби за заштита на децата. Заштитата на децата се остварува преку обезбедување на определени права и облици за заштита на децата.

Со вградувањето на определбите од конвенциите и другите документи, во Зконот за заштитата на децата, акцент е ставен на детето како субјект, на заштита на неговото право на живот и развој, заштита на најдобриот интерес на детето, обезбедување минимум стандард за секое дете на кое му е тоа неопходно под еднакви услови, почитување на правото на детето на слобода, на сопствено мислење и слободно изразување, образование, услови за здрав живот како и други социјални права.

Во функција на подигнување на квалитетот на заштитата на децата, се вградени одредби кои произлегуваат од Директивата на Советот 2000/43/ЕЗ која се однесува на забрана на дискриминација врз основа на расата или етничкото потекло, која во текстот на законот е разработена во сите сегменти на остварувањето на правата и облиците на заштитата на децата.

Законот е осовремен и приближен кон законодавството на земјите од ЕУ  а вградени се определбите на Конвенцијата за правата на децата и други документи, насочени кон заштитата на децата.

Со Законот е воспоставен систем на згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст во функција на раниот детски развој. Системот дава поддршка на целокупниот развој и добробит на детето од предучилишна возраст, се поттикнува развојот на неговите капацитети, проширување на искуствата и градењето на сознанија за себе, другите луѓе и светот. Развивање на потенцијалот на детето, е претпоставката од која тргнува законодавецот, неопходна за понатамошниот развој на општеството и негов напредок.

Закон за заштита на децата се заснова врз следните начела: државата му обезбедува посебна грижа и заштита на семејството; родителите имаат право и должност да се грижат за издржувањето и воспитувањето на децата; право на човекот е слободно да одлучува за создавање на деца; државата заради усогласен економски и социјален развој води хумана популациона политика и посебно го заштитува мајчинството, детето и малолетните деца.

Во Законот се содржани одредби во кои се испочитувани принципите на заштитата на правото на живот и развој на детето, заштитата на најдобриот интерес на детето, обезбедување минимум стандард за секое дете под еднакви услови, исклучување на било каква форма на дискриминација, почитување на правото на детето на слобода и безбедност на личноста, на сопствено мислење и слободно изразување,  услови за здрав живот и остварување на други социјални права и слободи на детето. Овие постулати, директно преземени од меѓународни документи, значат унапредување на домашното законодавство со стандардите кои се утврдени на меѓународно ниво.

Со Законот се забранува  секоја форма на дискриминација врз основа на раса, боја на кожата, пол, јазик, вероисповед, политичко или друго убедување, национално, етничкото или социјално потекло, културна или друга припадност, имотна состојба, онеспособеност, раѓањето или друг статус на детето или на неговиот родител или

законски старател во Законот се санкционира и се воведуваат прекршочни одредби за прекршителите на овие забрани.

За да се обезбедат овие права на детето и да се спречат можни злоупотреби, исто така се предвидува заштита од примена на форми за злоупотреба на децата во нелегалното производство и трговија со опојни droги, психотропни супстанции и прекурзори. Се забранува и политичко или верско организирање и дејствување и злоупотреба на децата поради политичко или верско организирање и дејствување како и вклучување на деца во вооружени судири и нивно регрутирање во единици кои изведуваат воени и други дејствија.

Предвидена е и обврската за секој граѓанин да пријави пред надлежен орган било каква форма на дискриминација, злоупотреба и искористување на дете и тоа веднаш по стекнувањето на сознанието за тоа.

Во Законот се дефинираат облиците на директна и индиректна дискриминација при што за барателот односно корисникот, се утврдува правото да бара заштита од надлежен орган а во исто време се утврдува и правна заштита. Државата е обврзана да го обезбедува правото на детето за изразување на сопственото мислење, за сите прашања кои се однесуваат на него а на неговото мислењето да му биде посветено должно внимание, во согласност со годините на живот и зрелоста на детето. Изразувањето на детето може да биде непосредно или преку застапник или соодветен орган, на начин и во согласност со утврдена процедура и закон.

Законот, исто така, го става во фокус на раното детско учење и развој (наместо на грижата), и ги поставува Стандардите за рано учење и развој како основа за квалитет. Врз основа на Стандардите за рано учење и развој, законот предвидува механизми за обезбедување на квалитет.

Законот обезбедува платформа за осигурување на универзален пристап до можности за квалитетно рано учење за сите деца, а особено за најмаргинализираните деца. Покрај јавните детски градинки, постојат различни форми на услуги и различни даватели на услуги и тоа приватни

установи за згрижување и воспитување на децата, центри за ран детски развој и агенции за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст. Физички лица можат да вршат одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност како што е чување и нега на деца од предучилишна возраст, до шест години живот, во сопствениот дом.

Јавна установа за деца - детска градинка покрај општината, може да основа и Владата на Република Македонија додека пак, приватна установа за деца - детска градинка се основа од страна на домашно или странско физичко или правно лице.

Законот дава можност воспитанието и раното учење на деца од предучилишна возраст да се остварува и во центар за ран детски развој, со што се истакнува заложбата за развој на воспитание на деца, од предучилишна возраст посебно во општините каде нема детски градинки и нема можност овие воспитно - образовни активности. Исто така, во овој дел се дава можност за странско лице да се јави како основач на центар за ран детски развој. Центрите ќе организираат и реализираат програмски активности, во период од три часа днево, согласно со Програмата за рано учење и развој.

Освен установи за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, одредени услуги од дејноста чување и нега на деца од оваа возраст може да се врши од стана на домашно правно и физичко лице кое ќе основа агенција за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст. Со законот се регулирани условите за отворање на агенција, лица кои можат да работат во агенцијата и начинот на давањето на услугата.

Исто така, се овозможува физички лица да вршат одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст како професионална дејност, во домот на родителите и во сопствениот дом. Доколку дејноста ја вршат во својот дом во тој случај задолжително треба да исполнат пропишани услови согласно Правилникот за поблиските услови, критериуми и начинот на вршење на одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца од

предучилишна возраст како професионална дејност на физички лица,[30] за да може да добие решение за вршење на дејност, од страна на Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија.

Со Законот се воведува лиценцирање за лицата кои се вклучени во дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст како и за лица кои имаат интерес да се вклучат за да ја вршат оваа дејност. Со лиценцирањето опфатени се стручниот кадар од установите (детски градинки и центри за ран детски развој) физичките лица кои ќе вршат одредени работи од дејноста како професионална дејност и лицата кои же бидат ангажирани во агенциите за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст. Лиценцирањето е задолжително и за раководните лица во установите за деца. Преку полагањето на стручни испити и задолжителните обуки кои се регулирани во Законот, се подигнува нивото на квалитет на давањето на услуги на стручните лица односно, се подигнува нивото на стручноста и копмпетенциите во извршување на работите во дејноста.

### 1.3. Подзаконски акти согласно Законот за заштита на децата

Системот на заштита на децата во Република Македонија е доуреден и со подзаконските акти кои произлегуваат од истиот. Со подзаконските акти се уредуваат условите и критериумите за правата и облиците за заштита на децата, како и стандардите и нормативите за вршење на дејноста згрижување и воспитување на децата, се уредуваат и другите критериуми и услови за областа. Постојат дваесет и шест подзаконски акти кои ја доуредуваат оваа област и тоа:

- Правилник за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца[31] ;
- Правилник за поблиските условите, критериуми и начинот за остварување на правата за заштита на децата [32];

[30] Службен весник на Република Македонија бр. 62/2013
[31] Сл.Весник на Република Македонија” бр 28/14,40/14 и 136/14

- Правилник за формата и содржината на обрасците за барањата и потребната документација за остварување на правата за заштита на децата [33];
- Правилник за формата и содржината на барањето за донесувања на решение од директорот на центарот за социјална работа[34] ;
- Правилник за начинот на водење на евиденцијата и документацијата и за содржината и формата на евиденцијата и документацијата за правата за заштита на децата[35];
- Правилник за поблиските услови и начинот на вршење на работите на агенцијата за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст, односно до поаѓање во основно училиште и деца на возраст до десет години живот[36];
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на евиденција на корисниците на услугите како и на дадените услуги на агенција за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст[37];
- Правилник за формата и содржината на службената легитимација на лица ангажирани на повик од агенција за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст[38];
- Правилник за поблиските услови, критериуми и начинот на вршење на одредени работи од дејноста згрижување и

[32] „Службен весник на Република Македонија" бр. 62/2013

[33] „Службен весник на Република Македонија" бр. 70/2013

[34] „Службен весник на Република Македонија" бр. 61/2013

[35] „Службен весник на Република Македонија" бр. 62/2013

[36] „Службен весник на Република Македонија" бр. 61/2013
[37] „Службен весник на Република Македонија" бр. 61/2013
[38] „Службен весник на Република Македонија" бр. 61/2013

воспитание на деца од предучилишна возраст како професионална дејност на физички лица [39];

- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата на корисниците и дадените услуги од страна на физичко лице кое самостојно врши одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност [40];
- Правилник за формата и содржината на образецот, начинот на издавање, употреба и одземање на службената легитимација и евиденцијата на издадените и одземените службени легитимации на инспектори за вршење надзор[41];
- Правилник за формата и содржината на образецот на службената легитимација на овластено лице, начинот на нејзиното издавање, употреба, одземање и евиденција на издадените и одземените легитимации на овластени лица на општините, на општините во градот Скопје, односно на градот Скопје за вршење на инспекциски надзор; [42]
- Правилник за начинот на работа и обезбедување на услови за остварување на педагошко - методската практика на студентите од соодветните студии за предучилишно воспитание и други соодветни факултети во јавните установи за деца[43];
- Правилник за поблиските критериуми за формирање и работа на советувалиштето за деца и родители во јавна детска градинка/јавен центар за ран детски развој[44];
- Правилник за начинот на стручно усовршување на вработените во установите за деца [45];

[39] „Службен весник на Република Македонија" бр. 62/2013
[40] „Службен весник на Република Македонија" бр. 62/2013
[41] „Службен весник на Република Македонија" бр. 61/2013
[42]„Службен весник на Република Македонија" бр. 62/2013
[43] „Службен весник на Република Македонија" бр. 61/2013
[44] „Службен весник на Република Македонија" бр. 62/2013
[45] „Службен весник на Република Македонија" бр. 61/2013

- Правилник за начинот на давање на услугите на јавната детска градинка во други просторни услови [46];
- Правилник за формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата и начинот на водење на евиденцијата за спроведената едукација[47];
- Правилник за начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа на директори на установи за деца, стручни работници, стручни соработници, воспитувачи и негователи во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, начинот на спроведување на обуките, како и за формата и содржината на образецот на лиценцата за работа[48];
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на Централниот регистар на установи за деца, регистарот на јавните установи за деца основани од општината и општината во градот Скопје, регистарот на агенции за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст и регистарот на физички лица кои самостојно вршат одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност[49];
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на издадени, обновени, продолжени и одземени лиценци за работа[50].
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во детска градинка и центар за ран детски развој[51].

---

[46] „Службен весник на Република Македонија" бр.61/2013
[47] „Службен весник на Република Македонија" бр.62/2013
[48] „Службен весник на Република Македонија" бр.62/2013
[49] „Службен весник на Република Македонија" бр.61/2013

[50] „Службен весник на Република Македонија" бр. 64/2013
[51] „Службен весник на Република Македонија" бр. 87/2013,154/13 и 127/14

- Правилник за индикаторите за вреднување на успехот на планираните активности од развојниот план на установите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст[52].
- Правилник за начинот на водењето на евиденцијата, како и содржината и формата на евиденцијата во установа за деца.[53]
- Правилник за поблиските услови, критериуми и начин на остварување на право на партиципација во трошоците за згрижување, воспитание,одмор и рекреација на деца во јавните установи за деца[54].

Како донесени документи кои исто така имаат голема улога за раниот детски развој се:

- Стандардите за рано учење и развој ги презентираат очекувањата коишто треба да ги достигнат децата од предучилишна возраст во разни домени на развој (моторен развој, социоемоционален развој, когнитивен развој итн.). Стандардите можат да се применуваат во сите околности каде што се згрижуваат, воспитуваат и образуваат децата од нула до шест години (во семејството, во детските градинки, во центри за ран детски развој, како и разни неформални облици на згрижување и воспитување на децата). Во документот стандардите се презентирани по развојни домени, но потребно е да се нагласи дека развојниот процес и учењето кај малите деца не се одвива изолирано, туку се одвива континуирано, преку сите домени. Развојните домени се меѓусебно поврзани, а децата учат со надградување на веќе постоечките знаења низ сите домени.
- Програма за рано учење и равој се базира на предходно усвоениот документ Стандардите за рано учење и развој. Структурата на програмскиот документ е дефинирана со три главни елементи и тоа: воспитно - обрзаовни цели, дадени примери на игровни активности со кои се постигаат тие цели, и очекувани резулатта. Очекуваните

---

[52]„Службен весник на Република Македонија" бр. 87/2013
[53] „Службен весник на Република Македонија" бр.88/2013
[54] „Службен весник на Република Македонија" бр.19/2014

резултати се дефинираат со она што детето може да го направи и е потребно да го совлада како знаење и вештина во одреден период од неговиот развиј. Програмата дава насоки како воспитувачите да ја подржуваат иницијативата на децата во нивните настојувања да учат нови работи и да ги потикнуваат истражувачките активности. Програмата се фокусирана на постигање на позитивни излезни развојни резултати кај малите деца, истите се мониторираат постојано и се документираат во развојните портфолија кои се дел од задолжителната педагошка документација во детските установи.

### 1.4 Носители на заштитата на деца во Република Македонија

Со Законот за заштита на децата се уредува системот и организацијата за заштита на децата во Република Македонија. Носители согласно Законот за заштита на децата се :

- Државата;
- Општината и општините во градот Скопје и градот Скопје;
- родителите;
- семејството, старателите на детето и згрижувачкото семејство;
- установите за деца, образовните, социјалните, здравствените и културните институции и поединци и
- државни институции и институции на единиците на локалната самоуправа, организации и други физички и правни лица чии активности се поврзани со давање поддршка и помош на децата.

Развојот на заштитата на децата се утврдува со Годишна програма за развој на дејноста за заштита на децата[55], која ја донесува Владата на Република Македонија и е во функција на спроведување и унапредување на системот на заштитата на децата. Во Програма се опфатени: видот и обемот на правата за заштита на децата,

[55]„Службен весник на Република Македонија" бр. 8/2012, 4/2013,8/2014

планираниот број на корисници на правата, средства потребни за обезбедување на правата, облици за заштита на децата (установи за деца), обемот на остварување на облиците, организациона поставеност, активности за подобрување на квалитетот на грижата и заштитата на децата и средства потребни за задоволување на дејноста во установите за деца.

Државата, како основен носител на заштитата на децата дава определена материјална помош на родителите за издржување, подигање, грижа и заштита на децата, но исто така финансиски го поддржува организирањето и функционирањето на јавните установи и служби за заштита на децата. Поголем обем од правата за заштита на децата може да обезбедат и општините.

Владата ја утврдува мрежата на јавните установи за деца (детски градинки и центри за ран детски развој) основани од општините. Јавните установи за деца се основаат од страна на Советот на општината, Советот на општината во градот Скопје и Владата, со одлука за основање на јавна детска установа по претходно добиено позитивно мислење од министерството за труд и социјална политика. Како надлежни институции кои се вклучени во системот на заштита на децата во раниот детски развој се дадени во приказот бр 2.




Приказ бр. 2: надлежни институции вклучени во системот за ран детски развој

### 1.4.1 Министерството за труд и социјална политика

Министерството за труд и социјална политика е надлежено за заштита на децата во државата преку креирање на политики, мерки и активности со кои се обезбедува материјална помош на родителите за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување развој на установи и служби за заштита на децата.

Министерството се грижи за функционирање на системот на централно ниво, што опфаќа процес на стратешко планирање за развој на дејноста, следење и надзор на работењето и оценување на ефикасноста на системот.

Во рамките на Министерството, функционира Сектор за заштита на децата чија основна задача е грижа за развој и унапредување на дејноста, преку креирање на политики и усвојување на мерки и активности за организација на дејноста и начинот на обезбедување на заштитата на децата. Секторот е задолжен за уредување и унапредување, организација, функционирање и развој на системот за заштита на децата, а во тие рамки и на системот на згрижување и

воспитување на децата од предучилишна возраст во установите за деца.

### 1.4.2 Министерство за образование и наука

Министерството за образование и наука преку Бирото за развој на образование е надлежно за следење, истражување, унапредување и развој на воспитно - образовната активности во раниот детски развој. Согласно Законот за заштита на децата, воспитно - образовната активности во јавните установи за деца се реализираат според Програмата за рано учење и развој, базирана врз Стандардите за рано учење и развој. Програмата ја изготвува Бирото за развој на образованието а формално ја донесува министерот за труд и социјална политика.

Преку Државниот просветен инспекторат, Министерството е надлежно и за вршењето на инспекцискиот надзор на предучилишните установи, согласно со Законот за просветната инспекција[56]. Во делот на надлежностите кои Државниот просветен инспекторат ги има во однос на предучилишните установи, спаѓа вршење на надзор над:

- Остварување на воспитно - образовните активности во предучилишното образование;
- Реализацијата на наставните планови, програми и другите пропишани стандарди и нормативи со кои се уредува воспитно-образовнате активности;
- Реализација на воннаставните активности и
- Водењето на педагошката евиденција и документација.

### 1.4.3. Општините во системот на заштита на децата

Во Согласност со Законот за заштита на децата[57], општината може да обезбеди поголем обем на правата за заштита на децата (детски додаток; посебен додаток; еднократна парична помош за новороденче;

[56] (Службен весник на Република Македонија“ бр.52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010 и 51/2011)

[57] („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2013)

родителски додаток за дете и партиципација), доколку за тоа обезбеди средства од сопствени извори (член 6, став 3). Општините се основачи на јавните установи за децата и имаат посебни права и одговорности во развојот на детските установи. Општината носи одлука за основање на јавните установи за деца врз основ на решение за основање, издадено од Министерството, одобрува начин на работа, утврдува критериуми за прием на деца во установите, назначува членови во Управните одбори на јавните установи за деца и ги распределува средствата од Буџетот на Република Македонија на јавните детски градинки на своето подрачје (Член 184, став 5). Средствата од Буџетот на општината се обезбедуваат врз основа на Развојна програма за заштита на децата на општината. Општината за своето подрачје водат регистар за јавните установи за деца основани од општината и градот Скопје (Член 193 став 4).

Општините преку овластени лица вршат инспекциски надзор над установите за деца, основани од неа во делот на:

- постапката за основање и престанок со работа на јавните установи за деца;
- условите за работа на установите за деца;
- постапката за формирање на управните и други органи во јавните установи за деца и
- контрола на средствата стекнати од сопствени извори во јавните установи за деца.

Градоначалникот избира и разрешува директор на јавните установи за деца, формира орган за надзор на материјално-финансиското работење на установата, обезбедува средства за финансирање на заштитата на децата и овластува лице за вршење на инспекцискиот надзор во јавните установи за деца.

Цените на услугите што ги дава јавните установи за деца и надоместокот што паѓа на товар на родителите, ги утврдува Советот на општината кој исто така, врши и контрола на средствата од општинскиот Буџет и од други извори на јавните установи за деца (тука спаѓаат и сопствени извори). Советот на општината носи одлука за престанок на

работа на јавните установи за деца, на предлог на Министерството за труд и социјална политика.

### 1.4.4 Установи за деца во системот на заштита на децата

Згрижувањето и воспитанието на децата се организира и обезбедува во јавни и приватни установи за деца. Установи за згрижување и воспитание на деца се детски градинки и центри за ран детски развој, кои можат да бидат јавни (државни, општински и на општината во градот Скопје) или приватни. Дејноста градинката може да се организира и остварува и во други установи и просторни услови (основно училиште, болница, дом на култура, месна заедница и други установи и објекти), како и давање одредени услуги од дејноста на градинката на деца и семејства.

Згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст е облик на заштита на деца што го сочинуваат сите правни и физички лица на територијата на Република Македонија, чија основна дејност е вршење работи поврзани со згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст.

Правни лица кои вршат дејност згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст се:

- детски градинки;
- центри за ран детски развој и
- агенции за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст.

Јавните установи се основани од страна на општината, општините во градот Скопје и Владата. Приватни установи се правни лица кои се основани од страна на домашни или странски физички или правни лица, (член 61), од Законот за заштита на децата.

Покрај правни лица, одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст вршат и физички лица.

Според Законот за заштита на децата (член 54), згрижувањето и воспитанието на деца од предучилишна возраст е облик на заштита на деца кој како дејност се организира за згрижување, престој, нега,

исхрана, воспитно-образовни, спортско- рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до шест години живот, односно до вклучување во основото образование.

За развој на личноста на детето, талентот, менталните, физичките, креативните и другите способности, подготвување за самостоен и одговорен живот се обезбедуваат и други облици на заштита на децата како програмски активности од областа на културата, издавачката, згрижувачката и воспитната дејност, екологијата, уметноста, рекреативни и слободни активности и спортот (член 56, став 1). Програмираните активности се остваруваат согласно со посебни програми кои ги изработува соодветна научна установа, односно специјализирана стручна установа или институција (член 56, став 2).

За подобро физичко и психичко закрепнување, рехабилитација, ресоцијализација и социјална реинтеграција на детето кое е жртва на некој облик на занемарување, експлоатација, злоупотреба, мачење, трговија или друг облик на свирепо постапување, како и доколку носи последици и трауми од вооружени судири, државата презема посебни програми и активности (член 56, став 3).

Детските градинка обезбедува згрижување и воспитание на деца до шест годишна возраст. Со Законот за заштита на децата (член 63) детските градинка според времетраењето, остваруваат програми за:

- целодневен престој;
- полудневен престој;
- скратени програми;
- пилот програми и
- вонинституционални форми за активности со деца.

Детските градинка може да остварува и програма за продолжен престој за деца, според потребите и работното време на корисниците на овие услуги.

Програмите за целодневен престој траат од девет до единаесет часа и може да се изведуваат предпладне, попладне, целодневно или наизменично.

Програмите за полудневен престој траат од четири до шест часа и може да се изведуваат предпладне, попладне или наизменично.

Скратените програми траат од 260 до 600 часа годишно. Скратените програми се наменети за деца на возраст од три до шест години, односно до поаѓање во основно училиште и опфаќаат згрижување и воспитување на децата со или без исхрана на децата. Скратените програми се наменети и за деца на подолготрајно болничко лекување.

Вонинституционални активности се кратки програми во траење од три часа дневно кои што можат да опфатат игри, игровни активности, креативни работилници, детски работилници од подрачјето на културата и уметноста, спортски активности, и се наменети за деца на возраст од три години до поаѓање во основно училиште и се организираат и изведуваат од јавните детски градинки.

Детските градинки организира згрижување и воспитание на деца со пречки во менталниот развој или телесна попреченост, сообразно на видот и степенот на попреченоста. Згрижувањето и воспитанието на децата со лесна попреченост во менталниот развој и телесна попреченост, кои имаат потреба од прилагодено изведување на програмите за предучилишни деца со дополнителна стручна помош или со прилагодени програми се организира во редовните групи. Згрижувањето и воспитанието на децата со умерена попреченост во менталниот развој или телесна попреченост се организира во посебни групи според посебните програми[58].

Кога во местото на живеење нема јавна детска градинка, детската градинка од најблиската општина, одделни услуги од својата дејност, може да ги организира во други просторни услови во општината каде родителите имаат интерес за вклучување во детска градинка на одреден

[58] Член 65 од Закон за заштита на децата

број деца.[59]

Дејноста која се врши во рамките на згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст може да се остварува и во центар за ран детски развој[60]. Центар за ран детски развој спроведува програма за рано учење и развој на деца од предучилишна возраст од три до шест години, односно до поаѓање во основно училиште. Според времетраењето, центарот може да остварува скратени програми во траење до три часа, дневно со флексибилно работно време усогласено со потребите на родителите и заедницата.

Одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца и тоа чување и нега на деца од предучилишна возраст до шест години живот, односно до поаѓање во основно училиште може да врши агенција за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст на повик[61]. Согласно Законот за заштита на децата (член 75), Одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца и тоа чување и нега на деца од предучилишна возраст до шест години живот, односно до поаѓање во основно училиште на повик може да се врши преку Агенција за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст. Лицата ангажирани од агенција за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст потребно е да исполнуваат неколку услови за да можат да ја вршат оваа дејност (завршено најмалку средно образование и да поседува важечка лиценца за негоател, да не им е одземено вршењето на родителско право, да имаат општа и посебна здравствена способност, да не им е одземена или ограничена деловната способност и да не им е изречена казна со правосилна судска пресуда со која е осудено за кривично дело за семејно насилство, одземање на малолетно лице, негрижа или злоставување на малолетно лице или родоскврнавење, за кривично дело од групата на дела против половата слобода, без оглед на изречената санкција и кај кое во согласност со закон е утврдено дискриминаторско однесување[62]).

[59] Член 66 од Закон за заштита на децата
[60] Член 68 од Законот за заштита на децата
[61] Член 75 од Законот за заштита на децата
[62] Член 77 од Законот за заштита на децата

Согласно Законот за заштита на децата (член 85) згрижување на деца може да вршат и физичко лице во сопствениот дом, како професионална дејност. Физичкото лице може да организира и остварува згрижување или престој, нега и исхрана на деца од предучилишна возраст до шест годишна возраст. За да ја извршува оваа работа физикото лице треба дада има најмалку средно образование и важечка лиценца за негувател како и да:

- не му е одземено вршењето на родителско право;
- има добра општа и посебна здравствена способност;
- не му е одземена или ограничена деловната способност;
- не му е изречена казна со правосилна судска пресуда со која е осудено за кривично дело за семејно насилство, одземање на малолетно лице, негрижа или злоставување на малолетно лице или родоскврнавење, за кривично дело од групата на дела против половата слобода и
- располага со соодветен простор и опрема за работа. Просторијата каде што престојуваат децата треба да има површина од најмалку 15 метри квадратни, во случај на повеќе простории во кои се одвиват активностите со децата треба да се функционално поврзани и одвоени од просториите кои ги користи семејството[63].

Бројот на деца кои може да ги згрижи физичкото лице во сопствениот дом е ограничен и изнесува најмногу пет деца со нормален развој и до две деца со пречки во менталниот развој или телесна попреченост[64].

Згрижувачко-воспитни работи во установите за деца ја вршат стручни лица и тоа: за работа во групи на деца до две годишна возраст - негуватели со завршено средно образование и стекната лиценца за негувател; за деца од две до шест годишна возраст - воспитувачи, со високо образование од педагошка насока (предучилишно образование) и истите треба да поседуваат лиценца за воспитувач (член 135, од

---

[63] Член 87 од Законот за заштита на децата
[64] Член 85 и 86 од Законот за заштита на децата

Законот за заштита на децата). За директор на детска градинка/центар за ран детски развој може да биде именувано, односно избрано лице кое е со високо образование и ги исполнува условите за воспитувач, за стручен работник, за стручен соработник, лице со завршен филолошки факултет - наставна студиска програма и специјалистички студии за предучилишни педагози, правник и економист со високо образование и минимум четири години работно искуство по дипломирањето, како и да поседува лиценца за директор. За добивање на лиценца за директор треба да се помине обука. Обуката за стекнување на лиценца за работа е во времетраење од 40 часа и ги содржи следните модули:

- финансиско работење (10 часа);
- раководење со човечки ресурси (10 часа);
- педагошка работа и евиденција и (10 часа) и
- законска регулатива (10 часа).

Согласно податоците со кои располага Комисијата за лиценцирање во Министерството за труд и социјална политока, во периодот од декември 2013 година, до декември 2014 година, издадени се вкупно 3.389 лиценци за стручни работници/стручни соработници, воспитувачи и негователи (во кои спаѓаат и лиценци за физички лица вршители на дејноста) и 77 лиценци за директори, односно вкупно 3466 лиценци.

## 2. Системи за заштита на децата во земјите членки на Европската Унија

Публикацијата на Европска комисија "Клучни податоци за рано детско образование и нега во Европа" , Извештаите на Евридика и Еуростарт од 2014 година,[65] обезбедуваат сеопфатен преглед на она што претставува висок квалитет на образование во раното детство. Преку политики и меѓународно споредливи индикатори, се опишува структурата, организацијата и финансирањето на раниот детски развој во Европските држави. Информациите се собрани од три различни

[65] European Commission/EACEA/Eurydice/Eurostat, 2014. *Key Data on Early Childhood Education and Care in Europe. 2014 Edition.* Eurydice and Eurostat Report. Luxembourg: Publications Officeof the European Union.

извори: примарен извор е Евридика и Национални единици, кои обезбедија информации за политики и пракси за раниот детски развој. Евростат врши подготовка и обработка на статистички податоци. Истражувања во врска со раниот детски развој и резултати на студентите и учениците во иднинасе направени од Програма за меѓународно оценување на учениците - (ПИСА) и Програмата за напредок во меѓународната студија за читање со разбирање (ПИРЛС). Период на истражување, за сите информации е од 2012 година 2013 година. Во главните наоди на Извештајот се потенцира одреден број на прашања како што се: пристап до ран детски развој, учество, управување, финансирање и достапнос, професионализација на вработените, лидерство, вклученоста на родителите и обезбедување на насоки и поддршка за сиромашните деца.

Раното детство е фазата во која најефикасно може да се влијае врз развојот на децата . Затоа, ЕУ се стреми сите деца да имаат можност за пристап до, и корист од високо квалитетна грижа и образование, во раното детство.

Од податоците објавени во публикацијата на Европска комисија "Клучни податоци за рано детско образование и нега во Европа" 32 милиони деца во ЕУ се на возраст до шест години. Проекциите за населението укажуваат на тоа дека до 2030 година, бројот на деца под шест годишна возраст ќе падне за 7,6%, што значи 2,5 милиони деца помалку отколку во 2012 година[66]. Најдрастичен пад на наталитетот се очекува во источните земји и во Шпанија. Овие демографски проекции укажуваат на тоа дека во иднина, побарувачката за рано учење и развој како услуги ќе се намалува. Сепак, овој тренд на намалување на наталитетот не е доволен за да се компензира тековниот недостаток на капацитети за рано учење и развој, што постои во речиси сите европски земји, особено во однос на помладата возрасна група, од една до три годишна возраст.

[66] http://epp.eurostat.ec.europa.eu/portal/page/portal/education/data/database

Само осум европски земји имено Данска, Германија (од август 2013 година), Естонија, Малта (од Април 2014 година), Словенија, Финска, Шведска и Норвешка, гарантира законско право за секое дете веднаш по нивното раѓање, по завршување на породилното отсаство на мајката да се обезбеди вклучување во предучилишно воспитание и образование и истите имаат доволно капацитети за рано детско образование и згрижување. Во повеќето од овие земји, предучилишно образование е со определен број часови во текот на неделата. Трошоците за воспитување и образование на децата во задолжителното предучилишно образование најчесто ги покриваат родителите, но сепак тие се релативно ниски.

Хрватска, Италија, Литванија, Романија, Словачка, Исланд и Турција се уште не обезбедуваат целосен опфат за згрижувње и образование во периодот до шест годишна возраст, или задолжителен опфат за децата од последната предучилишна година.

Во сите други земји, две години пред почетокот на задолжителното образование, е организирано и задолжително предучилишно образование. Во Белгија, Ирска, Шпанија, Франција, Луксембург, Унгарија, Португалија и сите делови на Обединетото Кралство, законското право за субвенции за предучилишно образование започнува кога децата ќе достигнат три години, или неколку месеци порано. Вообичаено, децата имаат право на предучилишно образование бесплатно но во Ирска и во Велика Британија, правото на бесплатно воспитание и образование е ограничено на само 10 - 15 часа неделно.

Од 2013 година, две години од предучилишно образование е задолжително во Бугарија, Грција, Кипар, Латвија, Луксембург, Унгарија, Австрија, Полска и Швајцарија. Слично на тоа, во Чешка и Лихтенштајн, децата на возраст од две години пред поаѓање на училиште имаат законско право 16 часа неделно да посетуваат бесплатно предучилишно образование. Минимум еднаш неделно задолжителното предучилишно образование е воведено во некои покраини во Австрија, а времето во Кипар е ограничено на 27,5 часа неделно.

Во земјите на Европската Унија предучилишното воспитание и образование е според возраста на децата поделено во две фази, и тоа прва фаза, до три години и вотра, од три до шест години.

Надлежностите за предучилишното воспитание и образование и финансирањето се поделени помеѓу различни субјекти.

Квалификациите на персоналот, обично се разликуваат во зависност од видот на услугата кои ги даваат и возраста на децата.

Системите каде постојат две возрасни групи (до три години и од три до шест годишна возраст) за рано детско образование и згрижување се нарекуваат "сплит системи" и се применуваат во Белгија (германско говорно подрачје и фламанските заедници), Чешка, Италија, Кипар, Луксембург, Полска и Словачка. Во типичениот сплит систем, одговорноста за раниот детски развој како и надлежностите, регулатива и финансирање се поделени помеѓу различни субјекти. Министерството за здравство и социјална политика е задолжено за обезбедување за згрижувањето, додека Министерството за образование е одговорно за обезбедување на рано образование за децата од три до шест годишна возраст. Во сплит системот, барањата за квалификациите на персоналот, исто така, се разликуваат во зависност од возраста на децата.

Спротивно на тоа, во "унитарните системи", на ран детски развој, за сите деца од предучилишна возраст се организира и спроведуват програми наменети за сите возрасти. Децата немаат преод помеѓу институциите додека не почнат основно училиште. Министерството за образование е одговорно за управувањето, регулирањето и финансирање во раниот детски развој. Сета грижа и образование за младите деца се смета за дел од "рано образование". Покрај тоа, во унитарните системи со рано детско образование и воспитание се опфатени децата од нај раната возраст. Овој тип на систем преовладува во повеќето нордиските и балтичките земји, како и во Хрватска и Словенија. Во Бугарија, Данска, Германија, Шпанија и Австрија, услугите за ран детски развој се обезбедуваат преку унитарниот систем со

поделби на помалите и повозрасните деца или се покрива целата предучилишно возраст. Сепак, во овие системи квалификациите на персоналот, наставните програми и финансирањето се различни за помладите во однос на постарите деца додека менаџерскиот тим е ист.

Некои земји се фокусираат на грижа од страна на родителите со што се создава мотивација да ги поттикне да се грижи за своите деца за еден подолг период. Во други земји пак е даден поголем акцент на институционален пристап за згрижување и воспитување.

Во одредени земји раното детско образование и заштита се обезбедува и во домашни услови но тоа е во многу помал обем од онаа што е организирано во одредени установи. Во Белгија, Данска, Германија, Франција, Финска, Велика Британија и Исланд се обезбедува рано детско воспитание и образование дома и тоа за помалите деца.

Во Данска, на пример, за околу 50% од децата на едногодишна возраст згрижувањето и воспитувањето се обезбедуваат во установи, додека за околу 40% од децата на истата возраст обезбедува во домашни услови. Во Франција, за околу 28% од децата на возраст до три години, услугите се обезбедуваат во установи, а за 20%, во домашни услови. Во Исланд, 90% на деца под 2 години се згрижени дома. Во Германија и Франција, за деца на возраст од нула до три години, законодавството подвидува два вида на згрижување - дома и во установи. Меѓутоа, кога децата достигнат возраст од три години, тие стекнуваат право на бесплатни или субвенционирани вклучување во установа. Како резултат на тоа, домашното згрижување и воспитание се користи како дополнителен извор на грижа, кога работното време на установата е пократко од работното време на родителите.

Според податоците на ЕУРОСТАТ[67], до 2002 година опфатот на деца под три годишна возраст во некоја форма на предучилишно воспитание и образование е многу ниска. Затоа во 2002 година, со "Барселонската цел за згрижување на децата во институции" е

---

[67] врши подготовка и производство на статистички показатели http://epp.eurostat.ec.europa.eu/portal/page/portal/education/data/database

договорено, до 2010 година згрижувањето да биде обезбедено за 33% од децата под три годишна возраст. Сепак, во 2011 година, само дел од земјите од Европската унија ја достигнале Барселонаката цел. Највисок процент на опфат има Данска каде 74% од возраста под три години е вклучена во формите на пред училишно згрижување и воспитување. Сепак во Бугарија, Чешка, Литванија, Унгарија, Малта, Полска, Романија и Словачка овој процент изнесува 10%.

Спротивно на ниската стапката на опфат на деца до три годишна возраст, во некоја од формите на рано учење и развој, околу 93% од децата на четири годишна возраст во земјите од ЕУ, посетуваат пред училишно воспитание и образование. Во 2011 година, учеството на деца од оваа возрасна група во предучилишни програми било помеѓу 70% и 79%, во Грција, Хрватска, Полска, Словачка, Финска и Швајцарија. Најниска стапка на учество има Турција со 43%.

Надоместоци за влученоста во некоја форма на предучилишно образование варира значително меѓу европските земји, но во околу половина од земјите на ЕУ предучилишното образовани од три до шест годишна возраст е бесплатно. Секако дека во овие земји достапноста до рано учење и развој е многу важно, особено на оние кои им се најпотребни, односно деца од семејства со ниски приходи.

Во сите земји членки на Европска унија родителите ги покриваат сами трошоците за рано учење и развој на децата до три годинишна возраст, со исклучок на Летонија, Литванија и Романија каде само дел од трошоците се покриваат од страна на родителите.

Во повеќето од овие земји, за децата на возраст до три години, почесто се користат приватниот сектор (градинки и јасли) и алтернативните форми на згрижување и воспитување (бејби-ситерски служби).

За згрижувањето и воспитувањето на децата од нула до шест години се бара финансиско учество и од родителите и тоа во Данска, повеќето покраини во Германија, Естонија, Хрватска, Словенија, Исланд, Турција и Норвешка. Сепак, овие земји обично нудат намалување на надоместокот, ослободувања од јавни давачки преку насочена поддршка

за семејствата (даночни олеснувања, надоместоци или ваучери за да се намали или се надомести трошоците на згрижувањето и воспитувањето во установите и сл.).

Во повеќето земји од Источна Европа, за згрижување и воспитание на најмалите деца, побарувачката за згрижување и воспитување е поголема од понудените места.

Спротивно на тоа, во нордиските земји, згрижувањето и воспитувањето е лесно достапно, надометокот од родителот не се наплатува за децата во последните година или две години пред задолжителното образованието. Во околу половина од европските земји, целиот период на предучилишното воспитание и образование е бесплатно за семејствата.

Локалните власти често финансираат згрижување и воспитание за децата до три годишна возраст и тоа во Англија, Велс, Северна Ирска, Белгија, Данска и Финска, додека трошоците за постарите деца се обезбедуваат од централната власт.

Приватниот сектор игра поголема улога за згрижување и воспитување на помладите деца, додека јавно финансирање се предвидува за пред училишно воспитание и образование за постари деца.

Во половина од европските земји континуиран професионален развој и едукација е обврска за персоналот кој работи со помалите деца, а за персоналот кој работи со повозрасните деца, истото не е задолжително само во Данска, Ирска, Кипар, Шведска и Норвешка.

Раководителите или директорите во установите за згрижување и воспитание треба да имаат потребно искуство во областа (Шведска, Данска, Италија, Шкотска, Луксенбург) но во некои земји за да можат да ја вршат оваа работа во установи за деца на возраст од нула до шест годишна возраст мора да посетуваат специфична обука за управување (Германија, Франција, Шпанија, Португалија, Естонија и Велика Британија). Во други земји (Бугарија, Чешка, Малта, Полска и Романија) вакви обуки се предвидени само за директори на установи за деца над три годишна возраст.

Зголемување на учеството на децата од посиромашно потекло во предучилишното воспитание и образование е еден од главните приоритетите на Европскате политика. Семејниот приход се зема во предвид за одредувањето на висината на надоместокот за згрижување и воспитување. Покрај тоа, во Латвија, Унгарија и Словачка, бесплатни оброци се нудат на деца од многу сиромашни семејства. Има пракси и на дополнителните семејни додатоци како во Белгија (фламанската заедница), Бугарија, Словачка, Унгарија, Португалија и Лихтенштајн. Овие форми на поддршка се условени од секојдневната присутност (редовност).

Мерки за поддршка на маргинализираните деца постојат во повеќето европски земји. Во најголем број на случаи, тие се фокусираат на развој на јазикот за оние деца кои би можеле да имаат тешкотии во учењето, но исто така и на културни или јазични критериуми како и социо-економски и географски се земаат во предвид при преземање на мерки за поддршка на децата  изложени на најголем ризик .

Јазичната поддршка е најчестата форма поддршка од централната власт, за сиромашните деца и обично се насочени кон деца на мигранти или на оние од етничките малцинства. Во повеќето земји каде голем бројот на деца се на странски државјани или се родени во странство,  воведени се програми за поддршка на знењето на јазикот.

Значењето и потребата за висок квалитет во раниот детски развој е силно нагласена во повеќе политички документи на Европската унија.

За предучилишно образование и заштита, Советот на Европската унија нагласува широк спектар на краткорочни и долгорочни придобивките од раното детско образование и заштита, како за поединците, така и за општеството. Раното детство е фазата во која образовно може да се влијае најефективнио врз развојот на децата. Се повеќе е евидентно дека инвестициите со висок квалитет во раниот детстки развој ги намалува трошоците за општеството во однос на т.н "изгубени таленти" и на долг рок помага во намалувањето на јавната потрошувачка во здравството и социјалните права. Покрај тоа со

обезбедување на висок квалитет во раниот детски развој за маргинализираните деца се поставуват силните основите за успешно доживотно учење.

Земјите во кои има задолжително предучилишно образование е различни во зависност од број на часови кои се обезбедуваат како задолжителни за децата до шест годишна возраст. Така во Бугарија, задолжително предучилишно образовование за деца од пет годишна возраст е 20 часа неделно, а за деца од шест годишна возраст е 24 часа неделно. Во Унгарија, задолжително предучилишно образование е 20 часови неделнно. Во Германија, од август 2013 година, законско право на субвенционирање на рано детско образование и заштита е воведено за деца од една годишна возраст. Во Хрватска, од септември 2014 година, задолжителните предучилишни програми се предвидени за деца кои се една година пред поаѓање во училиште. Во Полска, од септември 2015 година, сите деца на четири годишна возраст имаат законска право на предучилишно образование. Во Романија, од септември 2014 година, сите деца на пет годишна возраст ќе имаат законско право на предучилишно образование. Во Финска, од ноември 2013 година, со одлука на Владата се спроведуваат на програми за задолжително предучилишно образование. Во Шведска 15 часа е неделниот фонд на часови за предучилишно образование.

Учеството во квалитетен ран детски развој носи значајни бенефиции за децата. Добар квалитет во раното детстко образование и заштита е основа за успешно доживотно учење, социјална интеграција и личен развој.

Една од општите цели на раниот детски развој е подготовка на децата за задолжително образование, и тоа станува придобивка за поаѓање во училиште. Затоа, Европската комисија ја нагласува важноста на раниот влез во воспитно образовниот систем.

Во 2011 година ЕУ постави цел да до 2020 година најмалку 95% од децата на возраст меѓу четири и шест годишна возраст да бидат вклучени во раниот детски развој.

Според меѓународните студентски истражувања (Програма за

меѓународно оценување на учениците – ПИСА и меѓународната студијата и за читање со разбирање - ПИРЛС) јасно се покажуваат придобивките од посетеност на рано детско образование и заштита.

Истражувањата покажуваат дека студентите од посиромашно потекло имаат помала веројатност да бидат вклучени во раниот детски развој во споредба со децата од подобро обезбедените семејства. Од подобро обезбедените семејства 93% од децата до шест годишна возраст посетуваат предучилишно образование.

Опфатот на деца во некоја форма на предучилишно образование во европските држави е доста висок и тој се движи од 70% до 95% од вкупниот број на деца на оваа возраст. До 95% опфат има во Латвија, Австрија и Унгарија, додека во одредени земји опфатот на деца со раното учење и развој на возраст од четири до шест годинишна возраст е пониска од 95%. Така во Грција, Хрватска, Полска, Словачка, Финска и Швајцарија, стапката на опфат се движи од 70% до 76%. Најниска стапка на опфатеност во 2011 година имало во Турција, 43%, каде 2001 година истата стапка изнесувала само 11%. Вака висока скок на опфат за овој период е забележан и во Ирска, Латвија, Литванија и Полска (која се движи од 20% до 25%). Во Бугарија, Хрватска, Кипар, Португалија, Романија, Финска и Норвешка, стапката на учество во раното детско образование и заштита за оваа возрасна група е зголемено 12% до 17%.

## Словенија

Застапен е унитарениот систем на предучилишно образование преку кој се обезбедува згрижување и воспитание на деца од единаесет месеци до шест годишна возраст (кога почнува задолжителното основно образование). Згрижувањето и воспитување е организирано во детски градинки, кои се под целосна надлежност на Министерството за образование, наука и спорт. Покрај тоа, постои систем на регулирано домашно згрижување (заштита на децата), кое ги опфаќа сите деца од предучилишна возраст. Бидејки има организирано домашно згрижување

за деца од единаесет месеци до три години, интересот за јавно згрижување е помал ,додека на деца на три години интиресот и вклучувањето е поголемо. Иако законот дава можност на обезбедување на место за децата до шест годишна возраст, локалните власти не се во можност секогаш да ја задоволат потребата од места, особено за помалите деца.

### Полска

Во Полска постои сплит систем за рано детско образование и грижа, поделен во две фази. Првата фаза, за деца под три годишна возраст, е во надлежност на Министерството за труд и социјална политика, додека за предучилишно образование за деца над три годинишна возраст, одговорно е Министерството за образование. Не постојат битни ралики од аспект на прописите помеѓу двете форми, освен дека, за деца на возраст од шест месеци до три години згрижувањето е 10 часа, додека за децата од три до шест години е 5 часа дневно. Деца на возраст од три до шест години може да се запишат во предучилишните установи, како што се детските градинки, а за децата на од пет до шест години се организира предучилишно образование и во основните училишта (3 часа дневно или 12 часа неделно). Една година од предучилишното образование е задолжително за шест годишните деца.

Спред прописите, од 2015 година, сите деца од шест годишна возраст ќе бидат обврзани да се запишат во основно образование. Од 2016 година, сите деца од четири годишна возраст ќе имаат законско право да се вклучат во предучилишно образование, а од 2017 година се планира за сите деца од три годишна возраст да бидат вклучени во предучилишното образование.

### Турција

Деца до три годишна возраст, можат да присуствуваат во дневен престој за деца, детски градинки и центри (Крес), кои потпаѓаат под

целосна надлежност на Министерството за семејство и социјална политика. Децата на возраст од три до пет-и-пол години, посетуваат независни училиште и градинка (АНА). Покрај тоа, децата на возраст меѓу четири и пет-и-пол години, можат да бидат згрижени во градинките во основни училишта. Независни училишта и градинките (АНА) во основните училишта, потпаѓаат под надлежноста на Генералниот директорат за основно образованието, при Министерството за образование. Основното образование почнува од пет-и-пол годишна возраст. Исти правила важат за сите установи за ран детски развој а партиципацијата од родителите е минимална.

**Англија**

Од раѓање до пет годишна возраст (кога почнува задолжителното основно образование), децата можат да бидат згрижени во детски градинки, детските центри или од страна на одговорни беби-ситерски служби. Од три годишна возраст, децата имаат законско право за обезбедување на предучилишно воспитание и образование од 15 часа неделно, во 38 недели во годината. Ова право може да се користи во било која форма на рано учење и развој. Министерство за образование ги поставува стандардите за учење, развој и грижа за деца од раѓање до пет годишна возраст, во сите видови на ран детски развој. Тука се вклучуваати активностите за мајките, игротеки, згрижување во училиште (храна) и активности во клубови кои се отворени за децата.

**Шведска**

Системот на предучилишно образование се состои од унитарни предучилишни центри, наменети за деца од една до шест годишна возраст. Предучилишните класови се составен од шест до седум деца. Овие класови тесно се поврзани со основното училиште каде ќе учат децата, и се во надлежност на Националната агенција за образование. Покрај тоа, постои систем познат како педагошка заштита, кој се реализира од страна на регистрирани детски негователки и може да се организира на различни места (во рамки на домовите или на друго

место). Педагошката заштита е уредена со Законот за образование и спаѓа под исти регулаторна рамка, како и предушилишното образование.

Многу локални власти, исто така, нудат услуги за ран детски развој во отворени предучилишни установи, каде родителите или домашните негователките доаѓаат заедно со нивните деца секогаш кога за тоа имаат потреба.

Децата на возраст од една година имаат право на јавно субвенционирано предучилишно воспитание и образование. Основното образование почнува на седум годишна возраст.

**Хрватска**

Хрватска има унитарен систем за деца од предучилишна возраст. Згрижување и образование за деца од шест месеци до седум годишна возраст се реализира во детски градинки кои се во надлежност на Министерството за наука, образование и спорт. Во детските градинки децата може да учествуваат во групи за играње (игротеки), кои се организирани од страна на разни организации чија основна дејност не е рано образование и заштита (на пример, библиотеки, болници, спортски клубови, културни институции или добротворни организации). За реализација на овие атвности потрбна е акредитација од страна на Министерството за наука образование и спорт.

**Бугарија**

Деца на возраст од три месеци до три години се згрижуваат во детски јасли. Од три годишна возраст, раното детско учење и развој се реализира во детски градинки,кои се во надлежност на Министерството за образование и наука и се одговорни за образовниот процес. Последните две години пред основно образование (меѓу пет и седум годишна возраст) се задолжителни и се реализираат во детските градинки или во основните училишта.

Со истражувањата на системите на предучилишно образование во земјите од ЕУ, се констатира дека, во поголем број на земји е

застапен унитарниот систем. Без оглед на тоа кој систем е во примена, опфатот во најголем број земји е доста висок и тој се движи од 70% до 76% на деца, во некоја од можните фоми на предушилишното образование, кое во најголем број земји е задолжително во последните две години пред почеток на основно образование. Во приказот бр. 3, дадени се системите на предучилишното образование во Европсите земји како и процентот на опфат на деца во предучилишното образование, било како форма на задолжително или незадолжително предучичишно образование.

| Системи на предучилишно образование | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Унитарен систем | Сплит систем | Задолжително предучилишно на две години пред основно | Опфат во предучилишно образование до 95% | Опфат во предучилишно образование 70-76% |
| Словенија | ✓ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ |
| Турција | ✓ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ |
| Бугарија | ✓ | ✗ | ✓ | ✗ | ✓ |
| Хрватска | ✓ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ |
| Кипар | ✗ | ✓ | ✗ | ✗ | ✓ |
| Полска | ✗ | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ |
| Чешка | ✗ | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ |
| Словачка | ✗ | ✓ | ✗ | ✗ | ✓ |
| Ирска | ✗ | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ |
| Велика Британија | ✓ | ✗ | ✓ | ✗ | ✓ |
| Германија | ✓ | ✗ | ✓ | ✗ | ✓ |
| Швајцарија | ✓ | ✗ | ✓ | ✗ | ✓ |
| Шведска | ✓ | ✗ | ✓ | ✗ | ✓ |
| Белгија | ✗ | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ |
| Луксембург | ✗ | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ |
| Данска | ✓ | ✗ | ✓ | ✗ | ✓ |
| Австрија | ✓ | ✗ | ✓ | ✓ | ✗ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Италија | ✗ | ✓ | ✗ | ✗ | ✓ |
| Шпанија | ✓ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ |
| Македонија | ✓ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ |

Приказ бр. 3: Системи на предучилишно образование и задолжителен опфат

## 3. Анализа на капацитетите на детски градинки и нивна искористеност во Република Македонија во периодот 2009 - 2011 година

Стандардот за остварување на дејноста во јавна детска градинка (ЈДГ) е пропишан со Правилник за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца[68]. Согласно со овој Правилник и Законот за заштита на децата[69], основен критериум за степенот на развиеност на детските градинки е вкупниот број на згрижени деца, организирани во згрижувачко-воспитни групи. Според тоа, јавните детски градинки може да се категоризираат како установи со:

1. Мал капацитет – од три до девет групи;
2. Среден капацитет – од десет до дваесет групи и
3. Голем капацитет – повеќе од 20 групи на деца.

Стандардите и нормативите за јавните детски градинки важат и за приватните детски градинки, со единствена разлика што за основање на приватна детска градинка се потребни минимум две групи. Со Правилникот се пропишуваат стандардите и условите за наменско градени објекти и за објекти кои не се наменско градени за детски градинки. Покрај бројот и структурата на вработени, овој Правилник ги пропишува и просторните и санитарно-хигиенските услови, опремата и дидактичките средства со кои треба да биде опремена една детска градинка.

[68] („Сл.Весник на Република Македонија" бр 28/14,40/14 и 136/14)
[69] ("Сл. Весник на Република Македонија" бр.23/2013,14/14,44/14.144/14)

Според податоци добиени од Секторот за заштита на децата, на Министерство за труд и социјална политика, во 2011 година, во Република Македонија, имало вкупно 54 ЈДГ, од кои 12 мали, 13 средни и 29 големи. Вкупниот капацитет на градинките, во 2011 година, изнесувал 24.456.




| | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|
| Капацитет на детски градинки Големи | 18,038 | 18,183 | 18,413 |
| Капацитет на детски градинки Средни | 3,733 | 4,273 | 4,362 |
| Капацитет на детски градинки Мали | 1,492 | 1,591 | 1,681 |

Приказ бр. 4: Капацитет на ЈДГ (2009 – 2011)

Во Приказ 4, е даден капацитетот на детските градинки, според големината на градинките, за периодот од 2009 година до 2011 година. Од податоците се гледа дека вкупниот капацитет на јавните детски градинки расте, односно во 2010 година пораснал за 3% во однос на 2009 година (од 23.263 на 24.047), и за 2% во 2011година во однос на 2010 година.




Приказ бр. 5: Капацитет на градинки во однос на вкупен број на деца на предшколска возраст

Според тоа, со целосна искористеност на капацитетите на јавните детски градинки, опфатот на деца на возраст од нула до шест години, би достигнал до 17,82% од вкупниот број на деца на таа возраст, во 2011 година. Од приказот 5, се гледа дека вкупниот број на деца во Република Македонија од нула до шест години бил највисок во 2009 година (139.455). Во 2010 опаѓа за 2% (136.155), за во 2011 година да порасне за неполни 1%, достигнувајќи 137.213. [70]

Бројот на деца, на возраст од нула до шест години, во општини во кои имало ЈДГ во 2011 година, изнесува 102.254. Од нив, во градинка биле запишани само 21.780 деца што е 21.3% од вкупниот број. Од овие (21.780 деца), со малите биле опфатени 1%, со средните 3% и со големи градинки 17%. Доколку бил искористен полниот капацитет на градинките во 2011 година (24. 456), за упис на деца од нула до шест

[70] Бројот е изведен од податоци на Државниот завод за статистика на Република Македонија. Од бројот на живородени деца за една година е одземен бројот на умрени доенчиња (деца до 11 месеци). Вкупниот број на деца би се намалил дополнително (но незначително), ако се одземат и децата починати на возраст од 1 до 6 години.

години, тогаш опфатот на деца, во општините во кои има јавни детски градинки би се зголемил за 2,6% и би достигнал 23,92%.

Во општините во кои има мали градинки, од вкупно 7.355 деца, на возраст од нула до шест години, со градинките биле опфатени само 13% од децата или 969 деца на возраст од нула до шест години.

Вкупниот број на деца на предучилишна возраст, во општините во кои имало ЈДГ со средна големина, во 2011 година изнесувал 18.202, од кои 18% или 3.252 биле запишани во градинка.

Од општините во кои имало големи градинки, во 2011 година, 17.560 деца биле запишани во градинка, што е 23% од вкупниот број на деца (76.697) на предучилишна возраст, во тие општини.




Приказ бр. 6: запишани деца во однос на вкупен број деца во општини во кои има ЈДГ, во 2011 година

Доколку се искористел полниот капацитет на малите градинки за упис на деца од нула до шест години, што во 2011 година изнесувал 1.681, опфатот во тие општини би бил 22,86%. Максималниот опфат на деца во општините со средна големина на градинка, во 2011 година би

можел да достигне 23,96%, доколку се искористел полниот капацитет на градинките од 4.362, за упис на деца на возраст од нула до шест години. Во општините со големи градинки би можело да се опфатат уште 853 деца на возраст од нула до шест години, доколку се искористи нивниот полн капацитет од 18.413 деца, со што максималниот опфат би бил 24%.

Од податоците на Секторот за заштита на деца, на Министерство за труд и социјална политика се гледа дека во општините во кои има најмногу деца и опфатот е најголем, и истите имаат најголем потенцијал за опфат на деца, односно до 24% од вкупниот број на деца од нула до шест години. Потенцијалот за опфат е најмал кај најмалите градинки, односно дури и со целосна искористеност на капацитетите тие би можеле да опфатат 22,9% од децата. Ова е показател дека, без разлика на бројот на жителите на општините каде се наоѓаат градинките (и дали станува збор за голема или мала градинка), јавните детски градинки имаат капацитет да опфатат помалку од 25% од децата на возраст од нула до шест години. Ова е сериозен индикатор за недостатокот на капацитети, дури и во оние општини во кои има јавни детски градинки.

Од приказот бр. 7, за искористеност на капацитетите, се гледа дека и покрај тоа што расте искористеноста на капацитетите на ЈДГ, сепак бројот на запишани деца е помал од она што би можело да го апсорбираат јавните детски градинки. Стапката на вкупна искористенот на капацитетите во ЈДГ (број на запишани деца, во однос на вкупен капацитет) се движи од 85,11% во 2009 година, 87,15% во 2010 година и достигнува 92,11% во 2011 година. Сепак, од графиконот во кој е прикажана стапката на искористеност на капацитетите по години, според големина на детските градинки, се гледа дека е најмала искористеноста кај малите градинки, односно во сите години се движи под 60%. Кај средните градинки стапката на искористеност расте од 70% во 2009 година до 76%, во 2011 година. Сепак, најзначителен е растот на искористеност на капацитетите кај големите градинки, и всушност тие најмногу придонесуваат кон општиот пораст на стапката на искористеност на капацитетите кај градинките. Па така, од 90,4% во 2009

година, искористеност на капацитетите кај големите градинки достигнала 99% во 2011 година.




| | 2009 | | 2010 | | 2011 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Капацитет | Запишани | Капацитет | Запишани | Капацитет | Запишани |
| Големи | 18,038 | 16309 | 18,183 | 16911 | 18,413 | 18,221 |
| Средни | 3,733 | 2611 | 4,273 | 3,107 | 4,362 | 3311 |
| Мали | 1,492 | 879 | 1,591 | 940 | 1,681 | 996 |

Приказ бр. 7: искористеност на капацитетот на градинките (2009 – 2011)




Приказ бр. 8: стапка на искористеност на капацитетите на ЈДГ

Во приказите (9 - 11) е прикажано учеството на запишани деца, по години, според големина на детската градинка.

Од вкупно 19.096 деца запишани во детските градинки во 2009 година, со мали градинки биле опфатени 4% или 829, со средни 14% или 2.553 деца и со големи градинки биле опфатени 82% или 15. 714 деца.




Приказ бр.9: Запишани 2009




Приказ бр. 10: Запишани 2010




Приказ бр. 11: Запишани 2011

Од вкупно 20.238 деца запишани во детските градинки во 2010 година, стапката на деца опфатени со мали градинки останала иста како и 2009 година, односно 4%, но вкупниот број се зголемил од 829 на 895 деца опфатени со мали ЈДГ. Со средни градинки биле опфатени 15% или 3.044 деца, што е за 16% повеќе во однос на претходната година. Со големи градинки биле опфатени 81% или 16. 299 деца на возраст од нула до шест години, што е за 3,6% повеќе во однос на претходната година.

Распределбата на деца до шест години, запишани во ЈДГ, според големината на градинката, во 2011 година останува иста со 2010 година, со тоа што вкупниот број на запишани деца е зголемен за 1.542 деца односно за 7% во однос на претходната година. Кај сите градинки (мали средни и големи) е забележан раст.

Тој е најголем процентуално кај мали градинки (8%), во однос на средните каде растот е 6% во однос на претходната година, додека кај големите градинки растот е 7% во однос на претходната година. По

бројност, растот е најголем кај големите градинки, каде бројот на запишани деца во однос на претходните години се зголемил за 1.260 деца, кај средните за 208 деца и кај мали за 74 деца.

Од горе наведените податоци, се гледа дека со малите градинки се опфатени најмал процент на деца (5% од вкупно запишани во 2011 година).

Средните детски градинки опфаќаат 13%-15% од вкупниот број на запишани деца. Иако имаат подобра искористеност на капацитетите во однос на малите градинки, сепак и овде искористеноста на капацитетите е под 80%.

Големите градинки, во 2011 година опфатиле 81% од вкупниот број на запишани деца во ЈДГ, и нивната искористеност на капацитетите била 99%.

Од податоците на Министерството, 15 од 29 големи градинки се лоцирани во Скопје. Вкупно инсталираниот капацитет на ЈДГ е концентриран во Скопје, односно 41,4% во 2009 година, 42,2% во 2010 година и 42,8% во 2011 година. Капацитетот на градинките во Скопје, расте од година во година. Ова укажува на голема концентрација на инсталираните капацитети во Скопје, на сметка на помалите, а посебно на руралните подрачја.




Приказ бр.12: запишани деца во детските градинки, според големина на градинката

Бројот на групи во детските градинки (приказ 13), за периодот од 2009 година до 2011 година бележи раст. Така, од 1.153 групи на ниво на Република Македонија во 2009 година, зголемен е на 1.205 во 2011 година.




Приказ бр. 13: број на групи, по години, според големина на градинка и вкупен број на групи

Сепак, според овие податоци, најголем дел од вкупниот број на градинки, работеле со оптимален број на деца по група, иако како што се покажа со претходните анализи, капацитетот на градинките, генерално земено, е неискористен и има простор за згрижување на дополнителн број деца.




| | Мали | | | Средни | | | Големи | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Под 15 деца | 15-20 деца | Над 20 деца | Под 15 деца | 15-20 деца | Над 20 деца | Под 15 деца | 15-20 деца | Над 20 деца | Под 15 деца | 15-20 деца | Над 20 деца |
| 2009 | 5 | 5 | 0 | 5 | 4 | 3 | 4 | 17 | 8 | 14 | 26 | 11 |
| 2010 | 5 | 4 | 2 | 6 | 5 | 2 | 5 | 14 | 10 | 16 | 23 | 14 |
| 2011 | 5 | 6 | 1 | 4 | 6 | 3 | 3 | 15 | 11 | 12 | 27 | 15 |

Приказ бр. 14: просечен број на деца по група, во детските градинки по години, според големина на градинка







Приказ 15: ЈДГ според број а деца по група, 2009 година

Приказ бр.16: ЈДГ според број на деца по група, во 2010 година

Во приказите (15-18) е прикажана распределбата на број на деца по групи, по години. Според овие податоци, 51% или 26 од вкупно 51 градинка во 2009 година, работеле со оптимален број на деца по група, 27% работеле со помалку деца од бројот пропишан со стандардите, а 11 градинки или 22% работеле со групи кои го надминуваат бројот пропишан со стандардот. 50% од малите градинки, 42% од средните и само 14% од големите градинки во 2009 година работеле со групи со капацитет под 15 деца. Со оптимален број деца (од 15 до 20) работеле 50% од малите градинки, 33% од средните и 59% од големите градинки. Во 2009 година, ниедна мала градинка немала во просек повеќе од 20 запишани деца по група. 25% од средните и 28% од големите градинки имале запишани повеќе од 20 деца во група. Во 2010 година, бројот на детски градинки кои работеле со оптимален број на деца по група се намалил на 43%, за сметка на зголемениот број на градинки кои работеле со помалку деца од бројот пропишан со стандардите (16%), или поголем број  на деца по група, од оној пропишан со стандардот (14%).

Од малите градинки, 45% работеле со помалку од 15 деца по група, 36% работеле со оптимален број на деца по група и 18% имале повеќе од 20 запишани деца во група.

Од вкупно 13 средни градинки во 2010 година, 46% или 6 градинки работеле со помалку од 15 деца по група, 38% работеле со оптимален

број на деца, а 2 градинки или 15% од средните градинки имале повеќе од 20 запишани деца по група.

Во големите градинки, бројот на групи кои имале помалку од 15 деца по група се зголемил на 17% од вкупниот број на големи детски градинки. Со оптимален број на деца по група, работеле 48% од големите детски градинки, а над капацитет работеле 34% од вкупниот број на големи детски градинки во 2010.




Приказ бр.17: ЈДГ според број на деца по група, 2011

Во 2011 година, бројот на градинки кои работат со повеќе запишани деца од она што е пропишано со стандардот, го надминува бројот на градинки кои работат со помал капацитет, односно 28% од градинките работеле со повеќе од 20 деца по група и 12 градинки, или 22% градинки работеле со помалку од 15 деца по група. 50% од сите градинки работеле со оптимален број на деца, според стандардот.

Од малите градинки, 42% работеле со помалку од 15 деца во група, 50% работеле со оптимален број на деца и 8% имале повеќе од 20 запишани деца по групи. 31% од средните и 10% од големите градинки работеле со капацитет под 15 деца по група. 46% од средните и 52% од големите работеле со оптимален капацитет, и 23% од средните, а 38% од големите работеле со капацитет над 20 деца по група.

На ниво на Македонија, и во трите години, најголем број од градинките работеле со оптимален број на деца по група, со тоа што ефикасноста е најдобра во 2011 година, со просечен број од 19 деца по група, на ниво на сите градинки. Од податоците од табелата се потврдува дека малите градинки се најнеефикасни, по што се средните градинки, со подобра искористеност на капацитетите и со најдобра

искористеност на капацитетите се големите градинки. Ова е директно поврзано со концентрација на населението, односно бројот на деца, но и со способноста да се привлечат децата во градинките, што зависи од некои општествени фактори, како вработеност на родителите, етничка структура и традиција, но и од способноста и ангажманот на самите градинки за да привлечат поголем број на деца.

| | Вкупен број на запишани деца во однос вкупен број на групи | | | Деца по група |
|---|---|---|---|---|
| | Мали | Средни | Големи | Вкупно |
| **2009** | 14 | 15 | 18 | **17** |
| **2010** | 14 | 16 | 18 | **17** |
| **2011** | 15 | 17 | 19 | **19** |

Приказ бр. 18: број на деца по група,според големина на градинка

## Етничка структура

Вкупниот број на деца што биле опфатени со некаква форма на ран детски развој (во извесен период од 2011 година), изнесува 25.894. Од податоците се гледа дека најголем дел од 87% или 22.683 биле Македонци, 7% или 1.726 деца биле Албанци, 2% или 614 Роми, а останатите 3% припаѓаат на деца од останатите етнички заедници што живеат во Република Македонија (Турци, Срби, Власи, Бошњаци и Останати.).




Приказ бр. 19: етничка структура на запишаните деца во детските градинки во 2011 година

**Вработеност на родителите**

На истата популација на деца (сите што биле опфатени со форма на ран детски развој во 2011 година) е направен и преглед според вработеноста на родителите. Од податоците во приказ 20, се гледа дека 71% или 18.320 од запишаните деца биле со двајца вработени родители, кај 22% или 5.841 работел 1 родител, додека само кај 7% од децата или 1.733 и двајцата родители биле невработени во периодот кога го носеле детето во градинка.

Како најголем број (71%) на корисниците на детските градинки се условно кажано побогати семејства, со два вработени члена. Од друга страна е фактот дека услугите на детските градинки се значително финансирани од страна на Буџетот. Конскевнетно, може да се заклучи дека најголемата корист од буџетските средства е на страната на побогатите семејства, додека посиромашните, со ниеден вработен (7%) многу малку користат поволност за финансирање на згрижување и образование на нивните деца.




Приказ бр. 20: структура на запишаните деца во детските градинки, во 2011 година, според вработеност на родителите

**Распоред на градинките**

Според распределеноста, најголем број од детските градинки се во урбани средини 163 објекти во 2011 година, 15 објекти има во рурални средини, а бројот на објекти во други просторни услови (најчесто училишта во рурални средини), во кои се извршува згрижување, но пред се воспитание и образование на деца на предшколска возраст е зголемен од 14 во 2009 година на 16 во 2010 година и во 2011 е намален за 1, односно 15 објекти.




Приказ бр. 21: објекти на детските градинки во урбани и рурални средини, и други просторни услови

Од вкупно 163 урбани објекти во 2011 година, 65 или 39,6% се во град Скопје, од кои 4 се објекти на 2 градинки со среден капацитет, а останатите 61 објект се на градинки со голем капацитет. Во оваа бројка не е влезена градинката во општина Илинден (рурална градинка), бидејќи истата не спаѓа под град Скопје. Од сите градинки на град Скопје, само две (8 Март - Кисела Вода и 25 Мај - Гази Баба) имаат објекти во рурална средина, од кои едниот (Кисела Вода) е во други просторни услови во општина Зелениково (по пат на меѓуопштинска соработка).

Од вкупниот број објекти во 2009 година, 85% биле во урбани средини, 8% биле во рурални средини, и 7% во други просторни услови.

Од вкупно 160 објекти во урбани средини, 6% потпаѓале под мали градинки, 16% биле средни градинки во урбани средини, а останатите 78% се големи градинки. Во 2009 година, најголема застапеност




Приказ бр. 22: Распределеност на објекти ЈДГ во 2009 година

на објекти во рурални средини потпаѓале под градинки со средна големина, односно 43% од вкупно 14 објекти во рурални средини, се под средни градинки, 21% се објекти во рурални средини, на мали градинки и 36% се објекти во рурални средини, на големи градинки.

Во други просторни услови, во 2009 година имало вкупно 14 објекти, од кои по 21% под мали и средни градинки, а останатите 8 објекти во други просторни услови потпаѓале под големи градинки.

Во 2009 година, единствена рурална општина што имала сопствена градинка е општина Илинден, сите останати објекти во рурални средини и/или во други просторни услови функционирале во склоп на градинки од урбани општини.




Приказ бр. 23: Распределеност на објекти ЈДГ - 2010

Во 2010година, распределбата на објекти во рурални, урбани и други просторни услови останува иста како и во 2009 година. Сепак, вкупниот број на објекти пораснал од 188 на 193 објекти.

Бројот на објекти во урбани средини се зголемил од 160 на 163, додека бројот на објекти во рурални средини останал ист (14). Објектите во други просторни услови се зголемиле од 14 на 16.

Од 163 објекти во урбани средини, 7% се објекти под мали градинки, 17% се под средни градинки и 77% се објекти во урбани средини под големи градинки.

Распределбата и бројот на објекти во рурални средини во 2010 година останал ист со оној во 2009 година.

Во други просторни услови, бројот на објекти под мали градинки се зголемил од 3 на 4 (25%), и од големи градинки се зголемил од 8 на 9 (56%), со што под средни градинки биле 19% (3) објекти во други просторни услови.

Во 2010 година, општина Илинден останува единствена рурална општина во Република Македонија со сопствена градинка.




Приказ бр.24: Распределеност на објекти ЈДГ - 2011

Иако вкупниот број на објекти на детските градинки во 2011 година, останува ист со 2010 година (193), сепак распределбата се менува, поради зголемениот број (за 1) на објекти во рурални средини и намалениот број на објекти во други просторни услови. Според тоа, 84% се во урбани средини, и по 8% објекти се во рурални средини и во други просторни услови.

Распределбата на објектите во урбани средини, според големина на градинка е иста со онаа во 2010 година.

Во 2011 година е отворена втората градинка во рурална средина, "Планински цвет" од Вевчани, и заедно со градинката во општина Илинден се единствените градинки во рамките на рурални општини. Со отворањето на градинката, 27% или 4 од вкупно 15 објекти во рурални средини се под мали градинки, 6 или 40% се под средни градинки и 5 или 33% се под големи градинки.

Вкупниот број на објекти во други просторни услови се намалил од 16 на 15, од кои 4 или 27% биле под мали градинки, 3 или 20% биле под средни градинки и 8 или 53% биле во други просторни услови.

Во табелата во продолжение е прикажан бројот на запишани и присутни деца по години, според големина на градинка. Од вкупно запишани 22.527 деца во 2011 година, бројот на просечно присутни во текот на годината изнесува 17.344, што е 77% од бројот на запишани деца.

Просечната стапка на присуство во однос на просечниот број на запишани деца во една година, за сите градинки, во 2009 година изнесува 78%, а во 2010 година и 2011 година е намалена, и изнесува 77%.




| | Запишани 2009 | Присутни 2009 | Запишани 2010 | Присутни 2010 | Запишани 2011 | Присутни 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Голема | 16,309 | 12,462 | 16911 | 12888 | 18221 | 13845 |
| Средна | 2,611 | 2,225 | 3107 | 2570 | 3311 | 2703 |
| Мала | 879 | 736 | 940 | 729 | 996 | 796 |

Приказ бр. 25: запишани и присутни деца во детските градинки, по години, според големина на градинка

Стапката на присуство во малите градинки варира од 84% во 2009 година, 78% во 2010 година и 80% во 2011 година. Стапката на присуство во средните градинки се движи од 85% во 2009 година, по што постојано опаѓа, односно во 2010 година изнесувала 83% и 82% во 2011 година. Присуството во големите градинки во сите години е 76%. Овие податоци се дадени во таблата во продолжение.




Приказ бр.26: стапка на присуство на деца во детските градинки, по години, според големина на градинката

Отсуствата се најниски кај средните градинки, а најголеми кај големите градинки. Во продолжение се дадени табели, во кои се прави споредба на бројот на запишани деца, во однос на бројот на присутни деца, за три години, според големина на градинката и возраст на децата.

Просечната стапка на присуство, на вкупен број на запишани деца варира од 78% во 2009 година, на 77% во 2010 година и 2011 година. Се претпоставува дека,  неколку градинки имаат прикажано нереално големо присуство (100%). Во малите градинки, стапката на присуство, според возрасни групи во 2011 година, варира од најниско 75% (за деца од две до три години) до најмногу 87% (за деца до дваесет и четири месеци), а просечното присуство е 81%. Кај средните градинки, просечното присуство кај деца од сите возрасни групи е исто како кај малите градинки (81%), а присуството е највисоко (83%) кај деца на возраст до дваесет и четири месеци месеци и од три до четири години, а најниско (80%) кај деца од четири до шест години. Просечното отсуство кај големите градинки е поголемо во однос на малите и средни градинки

и изнесува 24%. Како што беше и претходно образложено, оваа појава најверојатно се должи на поголемиот број на запишани деца во однос на капацитетот на градинките, што резултира со услови под оптималните за работа. Во големите градинки најмало е присуството (70%) кај деца на возраст до дваесет и четири месеци, а најголемо (80%) кај деца на возраст од четири до шест години.

Од податоците добиени од Министерство за труд и социјална политика, вкупен број на запишани деца на возраст од нула до шест години, во 2011 години, во сите градинки, стапката на присуство расте како што се зголемува возраста на децата, односно најниско е присуството кај деца до дваесет и четири месеци со 72%, кај деца од две до три години е 75%, од три до четири години е 76% и највисоко е кај деца од четири до шест години (80%).




| | до 24 месеци | | од 2 до 3 год | | од 3 до 4 год | | од 4 до 6 год | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Запишани | Присутни | Запишани | Присутни | Запишани | Присутни | Запишани | Присутни | Запишани | Присутни |
| Мала | 92 | 74 | 123 | 96 | 210 | 171 | 404 | 352 | 829 | 693 |
| Средна | 325 | 274 | 378 | 318 | 558 | 471 | 1292 | 1104 | 2,553 | 2,168 |
| Голема | 2510 | 1919 | 3542 | 2571 | 3632 | 2781 | 6030 | 4699 | 15,714 | 11,970 |

Приказ бр. 27: запишани и присутни деца, според возраста, по големина на градинка, во 2009




| | Запишани | Присутни | Запишани | Присутни | Запишани | Присутни | Запишани | Присутни | Запишани | Присутни |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | до 24 месеци | | од 2 до 3 год | | од 3 до 4 год | | од 4 до 6 год | | Вкупно | |
| Мала | 86 | 73 | 177 | 129 | 217 | 163 | 416 | 326 | 895 | 692 |
| Средна | 379 | 319 | 469 | 392 | 662 | 542 | 1535 | 1257 | 3,044 | 2,511 |
| Голема | 2652 | 1984 | 3587 | 2603 | 3688 | 2821 | 6373 | 4978 | 16,299 | 12,385 |

Приказ бр. 28: Запишани и присутни деца, според возраста, по големина на градинка, во 2010 година




| | Запишани | Присутни | Запишани | Присутни | Запишани | Присутни | Запишани | Присутни | Запишани | Присутни |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | до 24 месеци | | од 2 до 3 год | | од 3 до 4 год | | од 4 до 6 год | | Вкупно | |
| Мала | 100 | 87 | 191 | 144 | 248 | 205 | 430 | 349 | 969 | 786 |
| Средна | 398 | 330 | 490 | 401 | 706 | 584 | 1659 | 1333 | 3,252 | 2,648 |
| Голема | 2978 | 2096 | 3846 | 2838 | 4104 | 3076 | 6633 | 5281 | 17,560 | 13,290 |

Приказ бр. 28: Запишани и присутни деца, според возраста, по големина на градинка, во 2011година

# 4. Анализа на капацитетите на установи за деца и нивна искористеност во Република Македонија во период 2012-2014 година

## 4.1 Капацитети на установи за деца и нивна искористеност во 2012 година

Згрижувањето и воспитанието на децата од предучилишна возраст во Република Македонија, на почетокот на 2012 година, се остварува во вкупно 54 јавни установи за деца - детски градинки, распоредени во 43 општини, во 176 објекти[71].

Од вкупно 139.959 деца на возраст до шест години во 2012 година, во ЈДГ-и се запишани 27.308 деца, што е 19,51% од вкупниот број на генерацијата. Од овие 27.308 деца во градинки од мал капацитет се опфатени 1,19% во однос на вкупниот број на деца, на возраст до шест години, во општините во кои има детски градинки, со детски градинки со среден капацитет 2,08% и со детски градинки со голем капацитет 16,25%.

Покрај тоа, во десет села односно населени места и во две општини функционираат групи за згрижување на деца во други просторни услови[72]. Од 2012 година згрижувањето и воспитанието на деца од предучилишната возраст се организира и во три приватните детски градинки[73], каде се опфатени 150 деца.

Од податоците со кои располага Министерството за труд и социјална политика, во 2012 година, од вкупно 27.308 деца запишани во

---

[71] Извор: Министерство за труд и социјална политика- Сектор за заштита на децата

[72] Во состав на детката градинка „7 Септември"- Пехчево во селата Робово, Умлена и Чифлик; во состав на детската градинка „Гоце Делчев" – Виница во Блатец; во состав на детската градинка „Естреја Овадија Мара" –Битола во селата Бистрица, Кравари и Кукуречани; во состав на детската градинка, „ 8 Март" Кисела Вода во Зелениково; во состав на детската градинка „Ацо Караманов"- Радовиш во Воиславци; во состав на детската градинка „Калинка"- Валандово во Пирава и Јосифово; во состав на детската градинка „Коста – Поп Ристов Делчев" – Богданци во Нов Дојран и во состав на детската градинка „Младост" Тетово во Нераште

[73] ПУДДГ „ Веселата Дружина" – Скопје со капацитет за 50 деца , ПУДДГ "ИЗВОРЧЕ-МОНТЕСОРИ" – Скопје со капацитет за 72 деца,ПУДГ Поинт- Гостивар со капацитет за 30 деца

јавните детски градинки, во детските градинки со мал капацитет се опфатени 6,1%, односно 1661 деца, со среден 10,7%, односно 2.910 деца и со голем капацитет се опфатени 83,2%, односно 22.737 деца.

Од вкупно 27.308 деца запишани во јавните детски градинки 1,4% се деца до дванаесет месеци, односно 385 деца, 4,9 се над дванаесте до осумнаесет месеци, односно 1.334 деца, 6% над осумнаесет месеци до две години, односно 1.648 деца, 14% над две до три години, односно 3.817 деца, 16,4% над три до четири години, односно 4.466 деца, 20% над четири до пет години, односно 5.472 деца, 20,4% над пет до шест години, односно 5.567 деца, 2,1% се деца опфатени во хетерогена група до две години, односно 568 деца, 7,7% се деца опфатени во хетерогена група од две години до поаѓање во основно училиште, односно 2.094 деца, 1,3% се деца опфатени во комбинирани групи од дванаесет месеци до поаѓање во основно училиште, односно 368 деца, 2,1% се деца опфатени со полудневен престој, односно 569 деца; 2,3% од шест години односно од поаѓање во основно училиште до десет години, односно 626 деца и 1,4% се деца опфатени со други форми, односно 394 деца.

Од вкупниот број на запишани деца во јавните општински детски градинки (од 2009 до 2012 година) според времетраењето на програмата, најголема е застапеноста на децата запишани во целодневна програма и се движи од 95% до 96%.

Доколку се искористи целосниот капацитет на детски градинките од мал капацитет за упис на деца од нула до шест години, кој во 2012 година изнесува 2.161 деца, опфатот во тие општини би бил 1,5%. Максималниот опфат на деца во општините со детски градинки со среден капацитет во 2012 година, би можел да достигне 2,11%, доколку се искористи целиот капацитет со опфат уште на 56 деца. Во општините со детски градинки со голем капацитет, искористеноста на капацитетот е целосен.

Ова е показател дека без разлика на големината на подрачјето на општината и дали станува збор за детска градинка од мал, среден или голем капацитет, јавните детски градинки имаат капацитет да опфатат помалку од 19,9% од генерацијата деца на возраста од нула до шест

години. Ова е сериозен индикатор за недостатокот на капацитети, дури и во оние општини во кои има јавни детски градинки.

Во детските градинки во 2012 година, опфатот на деца на другите припадници на зедниците во групите на децата во кои програмите се изведуваат на јазикот на припадниците на заедниците, односно на деца од македонска, албанска, турска и други етничка група може да се види од приказ 30.

| **Згрижени деца според припадност на заедницата во јавните установи за деца во 2012 година** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно деца** | **Македонски јазик** | **Албански јазик** | **Турски јазик** | **Други јазици** |
| **2012** | **27.308** | **25.150** | **1.437** | **76** | **222** |
| Деца до 2 години | 3.996 | 3.838 | 158 | - | - |
| Деца од 2-6 години | 21.234 | 20.338 | 873 | 23 | - |
| Мала група | 7.912 | 7.659 | 253 | - | - |
| Средна група | 5.960 | 5.648 | 289 | 23 | - |
| Голема група | 7.362 | 7.031 | 331 | - | - |
| Комбинирана група | 1.490 | 821 | 394 | 53 | 222 |
| Деца со пречки во интелектуалниот и физичкиот развој | 102 | 90 | 12 | - | - |
| Група за вонинституционална форма на активности | 63 | 63 | - | - | - |

Приказ бр. 33: Згрижени деца според припадност на заедницата во ЈУД во 2012 година

Во детските градинки има и билингвални т.н "мозаик" групи во кои се вклучени околу 900 деца (македонско–албански, македонско-турски и македонско-српски групи).

## 4.2 Капацитети на установи за деца и нивна искористеност во 2013 година

Согласно со податоците од Министерството за труд и социјална политика, згрижувањето и воспитанието на децата од предучилишна возраст, на почетокот на 2013 година се остваруваше во вкупно 56 јавни установи за деца - детски градинки распоредени во 44 општини во 209 објекти и тоа:

- 6 општини по две ЈДГ и тоа: Битола и Штип и општини во град Скопје: Аеродром, Гази Баба, Кисела Вода и Чаир
- 1 општина со 3 ЈДГ и тоа општина Центар, во град Скопје;
- 1 општина со 4 ЈДГ и тоа: општина Карпош, во град Скопје;
- 36 општини по една ЈДГ  и тоа во општините:Берово; Богданци; Валандово, Велес, Вевчани, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Демир Хисар, Демир Капија, Илинден, Кавадарци, Кичево, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Крушево, Куманово, Македонска Каменица, Македонски Брод, Неготино, Охрид, Пехчево, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Струга, Струмица, Свети Николе, Тетово, Чешиново-Облешево и во општини во градот Скопје: Ѓорче Петров, Шуто Оризари и Бутел.

Покрај тоа, во четири општини на чие подрачје има објекти, како организационен облик на јавна установа за деца - детска градинка и тоа во општините Гази Баба, Лозово, Свети Николе, Струмица и Тетово.

Од вкупниот број на деца на возраст до шест години (139.951 дете) на почетокот на 2013 година, во установите за деца се опфатени, 27.308 деца, што претставува 19,51% опфат на деца до шест годишна возраст.

Во 2013 година, покрај постојните детски градинки и објекти се отварени шест  објекти -  детски градинки ,во рурални подрачја, каде децата претходно биле лишени од пристап до ран детски развој. УНИЦЕФ поддржува мрежа од 20 центри за ран детски развој во рурални и маргинализирани области каде се вршат воспитно - образовни активности за деца од три до шест годишна возраст, во траење од два

до три часа дневно. Исто така, отворени се уште четири приватни детски градинки[74] каде се опфатени 285 деца на возраст до шест години.

Со проширувањето на мрежата на јавните детски градинки во текот на 2013 година, извршено е зголемување на капацитетот на јавните детски градинки за опфат на околу 830 деца од предучилишна возраст. Бројот на опфатени, односно запишани деца, во ноември 2013 година, изнесувал 29.113 деца, што претставува 21% опфат на деца до шест годишна возраст (139.951 дете), додека бројот на опфатени деца на возраст од три до шест години е 21.618 деца или 32% од вкупниот број на деца од оваа возраст (68.218). Опфатот на децата според возраста, по групи во детските градинки, може да се види од прилогот 34

| | | 2013 | Деца до 2 години | Деца од 2 - 6 години | | | | Комбинирани групи | Деца со пречки во развојот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Вкупно | Мала група | Средна група | Голема група | | |
| Вкупно деца | | **29.113** | 4.136 | 23.020 | 8.567 | 6.469 | 7.984 | 1.789 | 94 |
| Деца на возраст (години) | До 1 | **737** | | - | - | - | - | 1 | - |
| | 1 | **2.017** | 736 | 187 | 187 | - | - | 2 | - |
| | 2 | **3.589** | 1.828 | 1.915 | 1.900 | 15 | - | 97 | 5 |
| | 3 | **5.903** | 1.572 | 5.473 | 5.262 | 211 | - | 417 | 13 |
| | 4 | **6.410** | - | 5.845 | 1.218 | 4.510 | 117 | 531 | 34 |
| | 5 | **7.621** | - | 7.019 | - | 1.731 | 5.288 | 548 | 33 |
| | 6 | **2.732** | - | 2.497 | - | 2 | 2.495 | 193 | 9 |
| | 6-10 | **104** | - | 84 | - | - | 84 | - | - |

Приказ 34: Деца во установи за згрижување и воспитание - детски градинки, по возраст, во 2013 година

Во 2013 година, во детските градинки забележителен е порастот на опфат на деца на другите припадници на зедниците во групите на децата во кои програмите се изведуваат на јазикот на припадницитена заедниците, односно значителен е порастот на деца од албанската, ромската, турската и други етничка група што може да се види од приказот 35.

[74] ИПС ГРУП"-Скопје, „СЕНТ ПОЛ"-Скопје, „ПИКОЛИНИ"-Скопје, „ГРИН ХАУС - Скопје,

| Згрижени деца според припадност на заедницата во јавните установи за деца во 2013 година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно деца | Македонски јазик | Албански јазик | Турски јазик | Други јазици |
| **2013** | **29.113** | **27.188** | **1.489** | **114** | **496** |
| Деца до 2 години | **4.136** | 3.989 | 137 | - | 10 |
| Деца од 2-6 години | 23.020 | 21.829 | 1.014 | 27 | 150 |
| Мала група | 8.567 | 8.248 | 289 | - | 30 |
| Средна група | 6.469 | 6.097 | 288 | 27 | 57 |
| Голема група | 7.984 | 7.484 | 437 | - | 63 |
| Комбинирана група | 1,789 | 1.209 | 331 | 60 | 189 |
| Деца со пречки во интелектуалниот и физичкиот развој | 94 | 87 | 7 | - | - |
| Група за вонинституционална форма на активности | 74 | 74 | - | - | - |

Приказ 35: Деца во установи за згрижување и воспитание - детски градинки според јазикот на кој се изведува дејноста, 2013 година

## 4.3 Капацитети на установи за деца и нивна искористеност во 2014 година

Според податоците добиени од Министерството за труд и социјална политика, во 2014 година функционираат вкупно 59 јавни општински детски градинки во 48 општини, од кои според бројот на групите 17 се со мал капацитет, 10 со среден капацитет и 32 со голем капацитет.

Покрај тоа, во 27 села односно населени места, и во четири општини функционираат групи за згрижување на деца во други просторни услови.

Во системот згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст има отворени уште десет приватни установи за деца - детски

градинки[75] за опфат на околу 460 деца. Вкупниот број на приватни детски градинки во 2014 година, изнесува 16 со тоа што една од отворените приватни градинки во 2013 година е затворена од основачот. Во 2014 година, вкупниот опфат во приватните детски градинки изнесува 833 деца.

Во јавните детски градинки опфатени се вкупно 30.100 деца. Од вкупниот број на запишани деца во јавните детски градинки според времетраењето на програмата, најголема е застапеноста на децата запишани за целодневен престој (98%)

Во 2014 година, со поддршка на УНИЦЕФ, формирани се уште 6 центри за ран детски развој,со кои во 2014 година вкупно функционирале 26 центри, со запишани вкупно 2.585 деца од предучилишна возраст.

Во детските градинки и центрите за ран детски развој опфатени се вкупно 36 417 деца, што претставува опфат на околу 26% од вкупно родените деца од нула до шест годишна возраст (140.597 деца). Од тие 34% се деца од три до шест годишна возраст.

Во состав на детската градинка "Буба Мара", во општина Аеродром во Градот Скопје, и "Гоце Делчев", во општина Пробиштип, формирани се центар за ран детски развој во кој ќе бидат опфатени 50 деца на возраст од три до шест години.

Формиран е првиот приватен Центар за ран детски развој во Скопје кој ќе опфати 45 деца.

---

[75] „СНЕЖАНА БЛАНШНЕЖ"-Скопје, „ЦРВЕНКАПА"-Скопје, „ЛИЛИПУТ"-Скопје, „ДЕТСКО ЦАРСТВО"-Скопје,„СПИРИТ"-Скопје, „ИНЕРНАЦИОНАЛНА ДЕТСКА АКАДЕМИЈА"Скопје, „БУШАВА АЗБУКА"-Скопје,„ГУЛДЕСТЕ"-Гостивар, „МАЛИ ГЕНИЈАЛЦИ"-Битола, „АБЕЦЕДАР"- Охрид.

## III Компаративна анализа на институционалните капацитетите за ран детски развој во Република Македонија

### 1. Капацитети на установите за ран детски развој

Капацитетите на установите за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст е во постојан подем. Од 2009 година до 2011 година зголемување на капацитетите е со мал пораст и тоа кај постојните јавни установи за деца со минимално зголемување на бројот на објекти од 188 на 193. Во 2011 година има формирано две установи во рурални средини и тоа установа во општина Илинден во општина Вевчани. Меѓутоа, во 2011 година се отвараат и првите три приватни детски градинки (две во Скопје и една во Гостивар). Во 2012 година бројот на установи е идентичен со 2011 година, а ист е и бројот на приватните детски градинки. Бројот на објекти исто така, бележи минимален пораст и тоа еден објект во урбана средина (општина Ѓорче Петров) и еден објект во други просторни услови (општина Ранковци).

Според распределеноста, сеуште најголем број на објекти од детските градинки се во урбани средини, но во 2013 година се отвараат уште две установи една во рурална општина (Чешиново Облешево), а втората е во општината Шуто Оризари (која до 2012 година функционирала како објект во состав на градинката "Снежана" во Чаир).

Меѓутоа бројот на објекти во 2013 година во јавните установи се зголемува за еден објект во урбана средина, седум објекти во рурални средини и четири објекти во други просторни услови (најчесто училишта во рурални средини) а во кои се извршува згрижување и воспитание на деца на предучилишна возраст што може да се види од приказите 37 и 38. Во 2013 година се отвараат и уште четири приватни установи во урбани средини (Скопје) но и затворање на една приватна установа (Гостивар) со што, вкупно број на приватни установи во оваа година е сведен на шест. Во 2013 година, со поддршка на УНИЦЕФ функционираат и 20 центри за ран детски развој (17, отворени во 2012 година и 3 во 2013 година) во рурални и маргинализирани области каде

се вршат воспитно образовни активности за деца од три до шест годишна возраст, а во траење од два до три часа дневно (Приказ 39).

Иницијативите кои се превземаат за зголемување на капацитетите во 2014 година се насочени кон селските и приградските населби. Зголемувањето на капацитетите и подобрувањето на правичноста во пристапот на децата кон Програмите за ран детски развој, во 2014 година е отварање на три јавни установи за деца или вкупно десет јавни објекта за згрижување и воспитување на деца. Паралелно, со зголемувањето на капацитетите во јавните се зголемува бројот на приватни детски градинки и тоа за уште 11 установи, со вкупно 12 објекта, а исто така се зголемува и бројот на центри за ран детски развој кои се со поддршка на УНИЦЕФ за уште шест објекти. Зголемувањето на капацитетите од 200 до 2014 година е дадено во приказите кои следуваат.

| **Установи за деца со објекти за деца од 0-6 годишна возраст** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **година** | **Јавни установи** | | **Приватни установи** | | **Вкупно** | |
| | **установи** | **објекти** | **установи** | **објекти** | **установи** | **објекти** |
| **2009** | **52** | **188** | **нема** | **-** | **52** | **188** |
| **2010** | **52** | **193** | **нема** | **-** | **52** | **193** |
| **2011** | **54** | **193** | **3** | **3** | **57** | **196** |
| **2012** | **54** | **195** | **3** | **3** | **57** | **198** |
| **2013** | **56** | **207** | **6** | **6** | **63** | **213** |
| **2014** | **59** | **220** | **17** | **18** | **76** | **238** |

Приказ 36: Установи за деца со објекти за деца од нула до шест годишна возраст[76]

[76] Извор: Министерство за труд и социјална политика –Сектор за заштита на децата

| Објекти на детски градинки во рурални, урбани и др.просторни услови | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **година** | **Во урбани средина** | | **Во рурална средина** | | **Др.просторни услови** | | **Вкупно** |
| | **јавни** | **приватни** | **јавни** | **приватни** | **јавни** | **приватни** | |
| 2009 | 160 | - | 14 | - | 14 | - | 188 |
| 2010 | 163 | - | 14 | - | 16 | - | 193 |
| 2011 | 163 | 3 | 15 | - | 15 | - | 196 |
| 2012 | 164 | 3 | 15 | - | 16 | - | 198 |
| 2013 | 165 | 6 | 22 | - | 20 | - | 213 |
| 2014 | 169 | 18 | 27 | - | 24 | - | 238 |

Приказ 37: Објекти на детски градинки во рурални,урбани и др.просторни услови




Приказ 38: Графички приказ на објекти во урбани, рурални и други просторни услови

| Објекти за згрижување и воспитување на деца од 0-6 години | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Година | Јавни установи | Приватни установи | Центри за ран детски развој | Вкупно |
| 2009 | 188 | - | | 188 |
| 2010 | 193 | - | - | 193 |
| 2011 | 193 | 3 | - | 196 |
| 2012 | 195 | 3 | 17 | 215 |
| 2013 | 207 | 6 | 20 | 233 |
| 2014 | 220 | 18 | 26 | 264 |

Прилог 39: Објекти за згрижување и воспитување на деца од нула до шест години[77]

[77] Извор: Министерство за труд и социјална политика –Сектор за заштита на децата

## 2. Опфат на деца во раниот детски развој

Бројот на опфатени деца од предучилишна возраст бележи пораст паралелно со зголемување на капацитетите на установите за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст. Така во 2009 година, бројот на вкупно опфатените деца во јавните установи изнесува 22.832 а во 2014 година бележи пораст од 24% (7.268 деца). Во 2014 година бројот на деца опфатени во Центри за ран детски развој изнесува 2.585 деца или за 520 деца повеќе во однос на 2013 година. Исто така, опфатот во приватните градинки во последните две години бележи пораст за околу 81% во однос на 2011 година. За опфатот на деца по години од 2009 година до 2014 година како и генерацискиот опфат на деца во предучилишни установи, може да се види од приказите 38 и 39.

| Опфатени деца во предучилишни установи | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Година | Јавни установи | Приватни установи | Центри за ран детски развој | Вкупно |
| 2009 | 22832 | - | - | 22832 |
| 2010 | 23083 | - | 800 | 23883 |
| 2011 | 25527 | 152 | 790 | 26469 |
| 2012 | 27308 | 152 | 1549 | 29999 |
| 2013 | 29752 | 437 | 2059 | 32248 |
| 2014 | 33329 | 878 | 2210 | 36417 |

Приказ бр. 38: Опфатени деца во предучилишни установи[78]

[78] Извор Министерство за труд и социјална политика –Сектор за заштита на децата

| Генерациски опфатени деца во предучилишни установи | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Год. | Деца 0-6 год | Опфатени Деца 0-6 | % | Деца 3-6 Год. | Опфатени Деца 3-6 | % |
| 2009 | 139 455 | 22832 | 16% | 70560 | 15778 | 22% |
| 2010 | 136 155 | 23883 | 17% | 68500 | 16372 | 24% |
| 2011 | 137 213 | 26469 | 19% | 69700 | 18024 | 26% |
| 2012 | 139 959 | 29999 | 21% | 69884 | 19140 | 27% |
| 2013 | 139 951 | 32248 | 23% | 68218 | 24118 | 35% |
| 2014 | 140 597 | 36417 | 26% | 70740 | 24086 | 34% |

Приказ бр. 39: Генерациски опфатени деца во предучилишни установ[79]

Од предходната табела може да се констатира дека бројот на генерациски опфатени деца до шест годишна возраст се зголемува, како резултат на зголемување на капацитетите. Во 2009 година опфатот на деца од нула до шест годишна возраст изнесува 16% од генерацискиот број на деца на оваа возраст или 22.832 деца, додека во 2012 година опфатот бележи пораст од 5%, во однос на 2009 година. Во 2014 година, зголемувањетон е за 8% повеќе во однос на 2009 година. Иста е состојбата и со опфатот на деца од три до шест годишна возраст, каде опфатени деца, во 2009 година биле 15.778 или 22% од вкупната бројка на деца, на возраста. До 2013 година порастот се движи од еден до два проценти во однос на претходната година, за во 2013 година веќе да се забележи најголемиот процент на опфатени деца од оваа возрасна група 24.118 или 13% повеќе, во однос на 2009 година, кој пак во 2014 година повторно се намалува за 1%.

Со Законот за заштита на децата од 2013 година, се дава можност *и за други форми на згрижување на децата до шест годишна возраст* како што се центрите за ран детски развој, агенцијата за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст и физичките лица кои самостојно вршат одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност. Веќе во 2014 година има активни два објекта, како центари за ран детски развој, во состав на јавни установи за деца во општина Аеродром и во општина Пробиштип. Овие центри се лоцирани во рурална средина со цел да се опфатат

[79] Извор Министерство за труд и социјална политика –Сектор за заштита на децата

децата од овие населени места во Програмите за рано учење и развој. Исто така, во Скопје е отворена и првата приватна установа - центар за ран детски развој кој ќе опфати 50 деца, од три до шест годишна возраст. Во 2014 година, отворени се и две Агенции за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст во Скопје.[80]

Ако се анализира опфатот на деца според припадност на заедницата во јавните установи за деца, се доаѓа до констатација дека најголем број на опфатени деца се од македонската етничка заедница, но и бројот на деца од албанската, турската и другите заедници (српска, ромска, бошњака и др.) постојано се зголемува. Во 2014 година процент на опфатени деца од албанска етничка заедница изнесува 6% од вкупната бројка на опфатени деца, од турската 1% и од другите заедници изнесува 4%. Ако се спореди со опфатот во 2009 година може да се констатира дека опфат на деца со албанска етничка припадност е 4% што е за два процента помал во однос на 2014 година, а на другите заедници е само 0,8% или за 3,2% помал во однос на 2014 година. Малиот број на опфатени деца од албанската и ромската заедница се должи на недостаток на капацитети во срединиите во кои живеат, најчесто еден од родителите е во работен однос при што другиот го чува и се грижи за детето и поголемите семејни заедници во кои живеат каде грижата за децата ја превземаат членовите од семејството.

Во 2013 година се отвори и првата јавна установа за деца во општина Шуто Оризари, општина во која најголем број на населението се од ромска етничка припадност.

---

[80] Извор: Министерство за труд и социјална политика –Сектор за заштита на децата

| Опфат на деца според припадност на етничка заедницата во јавните установи за деца | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Години** | **Вкупно деца** | **деца македонци** | **деца албанци** | **деца турци** | **Други заедници** |
| **2009[81]** | **22 832** | **21 103** | **877** | **40** | **193** |
| **2010[82]** | **23 083** | **21 825** | **1 120** | **63** | **149** |
| **2011[83]** | **25 527** | **23 559** | **1 296** | **79** | **122** |
| **2012[84]** | **27 308** | **25 150** | **1 437** | **76** | **222** |
| **2013[85]** | **29 752** | **27 188** | **1 489** | **114** | **496** |
| **2014[86]** | **33 329** | **30 028** | **1 924** | **287** | **1 090** |

Приказ бр. 40: Згрижени деца според припадност на заедницата во јавните установи за деца од 2009 - 2013 година

Популација на деца што биле опфатени со форма на ран детски развој во 2011 и 2014 година според вработеноста на родителите е дадена во приказ 40. Од дадениот приказ се гледа дека во 2011 година 71% или 18.620 од запишаните деца биле од семејства во кои и двајцата родители биле вработени, кај 22% или 5.941 работел еден од родителите, додека само кај 7% од децата (1.933) и двајцата родители биле невработени. И во 2014 година 77% (25.660) од запишаните деца биле од семејства со двајца вработеи родители, на 14% или на 4.653 деца работел еден родител, додека само 9% или на 3.016 деца двајцата родители биле невработени[87].

[81]Извор: Дрзавен завод за статистика(2014) Социјална и здравствена заштита Статистички преглед 2.1.10.03

[82]Извор: Дрзавен завод за статистика(2014) Социјална и здравствена заштита Статистички преглед 2.1.11.01

[83] Извор: Дрзавен завод за статистика(2014) Социјална и здравствена заштита Статистички преглед 2.1.12.02

[84] Извор: Дрзавен завод за статистика(2014) Социјална и здравствена заштита Статистички преглед 2.1.13.02.

[85] Извор: Дрзавен завод за статистика(2014) Социјална и здравствена заштита Статистички преглед 2.1.14.02

[86] Извор: Министерство за труд и социјална политика –Сектор за заштита на децата

[87] Извор; Министерство за труд и социјална политика –Сектор за заштита на децата




Приказ 40: Опфат на деца според статус на родители

Социјалната компонента и понатаму останува голема бариера за поголема правичност во вклучувањето на децата. Бројот на децата чии родители се невработени е на минимално ниво, а се зголемува учеството на децата чии родители се вработени. Вработените родители и семејствата со повисок социо-економски статус и понатаму остануваат "најпривилегирана" група која ги користи овие социјални сервиси финансирани во најголем дел од јавни фондови.

## Заклучоци

Раното детство е период од развој на една личност кој има големо влијание врз формирање на правилна личност во иднина. Грижата и учењето во раното детство допринесуваат за поголема правичност во постигањето на добри развојни резултати кај сите деца, поголема вклученост во задолжителното образование, подобри академски постигнувања, зголемена интергенерациска социјална мобилност, како и поголема социјален и економски развој на заедницата во целост. Но, сите

овие позитивни ефекти се зависни од системот и мерките кои се превземаат од страна на државата за децата до шест годишна возраст.

Со овој труд се прави анализа на системите и системските мерки кои се применувале или се применуваат, за заштита на децата во раниот детски развој во Република Македонија и во Европските држави. Исто така, се анализираат организациско-развојните и институционални капацитети за ран детски развој во Република Македонија, со цел да се одговори на поставените истражувачки прашања.

1. ***Како се обиликуваат мерките за раниот детски развој во рамките на системот на заштита на децата во Република Македонија?***

2. ***На кој начин системските мерки нудат можност за поголем и поквалитетен опфат во раниот детски развој ?***

Истражувањето покажа дека раниот детски развој во Македонија, се базира на меѓународната рамка која е содржана во Конвенцијата за заштита на правата на децата, како и постоечката национална, законска и политичка рамка.

Во Националниот развоен план 2008 – 2013 година, во рамките на подобро образование за сите, е вграден и раниот детски развој насочен кон децата од предучилишна возраст.

Со законот за заштита на децата се уредува системот и организацијата за заштита на децата. Заштита на децата, во смисла на овој закон, се остварува преку обезбедување на определени права, средства и облици за заштита на децата. Како облик на заштита на децата е и згрижувањето и воспитување на деца од предучилишна возраст (ран детски развој).

Со Законот за заштита на децата- се дава можност повеќе субјекти да се вклучат во обезбедување на услуги во периодот на ран детски развој (јавни и приватни установи,агенции за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст и физичките лица кои самостојно вршат одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност). Исто така се дава можно преку

полесни и поевтини форми, (објекти во други просторни услови, центри за ран детски развој како установи или објекти на постојни јавни и приватни градинки) да се опфатат децата од руралните и маргинализирани средини во раниот детски развој.

За обезбедување на квалитетот и можноста да се следи развојот на децата од предучилишна возраст се донесени и се имплементираат Стандардите за рано учење и развој за оваа возрасна група. Воспитно-образовната работа во установите се изведува според Програмата за рано учење и развој, базирана врз Стандардите. На годишно ниво се следат постигањата и напредувањето на децата согласно Стандардите и очекуваните резултати предвидени во Програмата.

Преку постојано следење на децата во текот на нивниот престој во установата, во текот на игровните активности и низ процесот на учењето се води позитивна евиденција, односно се евидентира што детето може и постигнува и во што напредува. Со тоа се подобрува и квалитет во раниот детски развој.

Во делот за поголем и поквалитетен опфат во раниот детски развој, голема улога има и стручноста и копетентноста на кадарот кој ги пружа услугите во дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст. Согласно постојниот закон во Република Македонија, згрижувачкиот кадар треба да има средно образование и соодветна лиценца, додека воспитниот кадар мора да е со соодветно високо образование за работа со деца од предучилишна возраст и соодветна лиценца за работа.

Со лиценцирањето се влијае на подигнување на квалитетот на пружањето на услуги во дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст.

***Истражувањето е со цел да покаже какви се институционалните и развојните капацитети и можности за ран детски развој во Република Македонија.***

Во иструживачкиот дел на овој труд се направени истражувања на институционалните капацитети за ран детски развој, во Република

Македонија. Од таму, се констатира дека институционалните капацитети се недоволни и не даваат можност за опфат на поголем број на деца во процесот на рано учење и развој. Во 2014 година кога опфатот е најголем истиот изнесува само 24% (33.518) од вкупната бројка на деца на возраст до шест годишна возраст (140.597) и 34% (24.086) од вкупната бројка на деца од три до шест годишна возраст (70.740). Во споредба со европските држави, каде опфатот на деца во формите на ран детски развој се движи од 70% до 95% од вкупната бројка на деца на оваа возраст, во Македонија сеуште е многу ниска и треба да се обезбедат допоплнителни инстуционални капацитети како во урбаните исто така и во руралните и маргинализирани средини за поголем опфат на деца во формите на ран детски развој.

***Истражувањето е со цел да покаже кои се придобивките од вложувањата во најраната возраст.***

Според истражувањата кои се направени од страна на Бирото за развој на образование на Република Македонија се согледува дека начинот на воспитание на детето во предучилишниот период имаат големо влијание врз психичкиот развој на детето како и врз успехот на детето во училиштето и подготовката за понатамошниот живот. Од економски аспект, со опфатот на децата преку некоја форма за згрижување на децата на предшколска возраст може да се влијае и на економските услови во општините, односно, со самото тоа што ќе има кој да се грижи за децата, на родителите им се дава можност активно да бараат работа или да се занимаваат со дополнителна дејност, покрај одгледувањето на деца.

Сите успеси на детето во подоцнежните години, најмногу зависат од тоа во каква околина растат и се развиваат децата додека се мали. Децата што растат во спокојна средина, каде што можат да добијат одговори на своите прашања, каде што повозрасните наоѓаат начини да ги поттикнат да размислуваат и откриваат што повеќе, имаат поголеми шанси да искористат што повеќе од потенцијалот што го носи секое од нив. Колку повеќе ќе научат и откријат во раното детство, толку поголеми стануваат

шансите да постигнат повеќе и да бидат поуспешни за време на средното образование и студиите.

Подоцнежната возраст, ќе покаже дека вредело да се вложува во нив — да се задоволува нивната потреба да си играат и да истражуваат, да почувствуваат дека се сакани и сигурни, да бидат самостојни, да преземаат водечки улоги и да бидат истрајни на тоа што го почнале.

***Ова истражување е со цел да покаже дали примената од политиките во заштита на децата нуди правилни и еднакви можности за развој на сите деца.***

Анализите покажа дека во Република Македонија, и покрај дадените законски можности за повеќе форми на згрижување и воспитување на децата од предучилишна возраст, сеуште најзастапено е згрижување и воспитување на децата во детските градинки и тоа преку програмата за целодневен престој. Мал е бројот на центри за ран детски развој, приватни градинки, агенции за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст, а сеуште нема регистрирано ниту едно физичко лице за вршење на одредени работи од дејноста како професионална дејност .

Во 38 општини не постои никаква форма на јавна установа за ран детски развој. Ваквата нерамномерна распределеност на градинките, укажува дека постоечкиот систем не дава можност за еднаков опфат на децата од предшколска возраст (- до шест години) на ниво на Република Македонија, односно ги поддржува и стимулира само општините во кои веќе има установа за ран детски развој, на сметка на останатите општини.

Евидентно е дека социјалниот статус на семејството има големо влијание за вклучување на децата во некоја форма на рано учење и развој. Тоа значи кога,- стапката на вработеност на родителите, која е поголема во поголемите градови и потребите за згрижување на деца се поголеми. Искористеноста на капацитетите не ја дава секогаш можноста за вклучување на децата во градинките заради што децата најчесто се

згрижени (чувани дома), од страна на невработен родител, баба, дедо или друг роднина. Според тоа, градинките се уште првенствено се користат за згрижување на децата, додека се родителите на работа, а помалку за децата да учествуваат во воспитно - образовните програми и да се подготват за во училиште.

Сеуште постои мислење кај родителите дека, доколку не се во работен однос нема потреба за вклучување на нивните деца во некоја форма на рано учење и развој. Оваа посебно е присутно кај семејствата од руралните и маргинализирани средини. Ова констатација се потврдува преку анализите за етничката застапеност на децата што посетуваат градинка. Односно, традиционално на пазарот на трудот, жените од помалите етнички заедници се помалку застапени, односно поголем процент од овие работоспособни жени остануваат дома да се грижат за семејството. Ова повторно е показател дека на установите за ран детски развој се гледа како на установи за згрижување, а не на воспитно-образовни центри.

***Истражување е со цел да покаже дали обемот на искористеност на услугите во областа на раниот детски развој е во корелација со состојбите.***

Истражувањето покажа дека постојните капацитети ни од далеку не се во корелација со состојбите бидејки 66% од децата на возраст од три до шест годишна возраст не се вклучени во ниту една форма на рано учење и развој. Посебно капацитетите се мали и речиси не постојат во руралните и маргинализираните средини. Децата од семејствата во ризик како и пониските слоеви немаат немаат можност да се вклучат во сегашните institutitционални капацитет. Институционалните капацитети во урбаните средини, имаат се помала понуда на слободни места, капацитетите како што се во Куманово, Скопје - општините Кисела Вода, Ѓорче Петров, Аеродром, Гази Баба, Велес, Прилеп, Кавадарци, Битола, Охрид, Штип, Струмица, Радовиш, Тетово, Гостивар, Гевгелија имаат речиси за 30% до 50% повеќе примени деца од капацитетот на градинката.

***Ова истражување е со цел да покаже дали преку системските мерки ќе се подобри квалитетот на услуги на лицата вклучени во системот на згрижување и воспитување на децата.***

Согласно Законот за заштита на децата, лиценцирањето е задолжително за сите лица кои се вклучени во дејноста раководниот, негователскиот кадар и други лица кои имаат интерес да се вклучат во оваа дејност. Лиценцирањето е задолжително и за физичките лица кои вршат или сакаат да вршат одредени работи од дејноста како професионална дејност и лицата вработени односно ангажирани во Агенциите за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст. Лиценците се обновуваат во период од пет години и во тој период секое лице треба да има обука од 40 часа за раководно лице, 20 часа за струни работници, соработници и воспитувачи и 10 часа за негователскиот кадар. Со овие обуки и проверка на нивното знаење преку испит спроведен од страна на Комисијата за лиценцирање се очекува подобрување на квалитетот на услуги на лицата, вклучени во системот на згрижување и воспитување на децата.

**Препораки**

1. Неопходно е проширување на постојните капацитети како и изградба на нови капацитети, посебно во општините во кои нема пристап до формите на рано учење и развој.

2. Воведување на задолжително форма на рано учење и развој за деца од четири до шест годишна возраст.

3. Надлежностите кои општините ги имаат во однос на раниот детски развој се зголемија со процесот на децентрализација. Сепак, голем дел од општините само делумно или воопшто не ги исполнуваат дадените надлежности. Една од причините за тоа е недоволниот капацитет (број и квалитет) на ресурсите во општината, надлежни за оваа област. Општините треба да имаат

Развојна програма за заштита на децата. Планот на општината треба да биде дел од вкупниот систем на планирање. Во општинските цели, треба да бидат отсликани целите и приоритети што се однесуваат на детска заштита, што ги донела Владата и надлежното министерство со тоа што, истите ќе бидат прилагодени на специфичните локалните услови во општината;

4. Зголемување на свесноста и познавањето на севкупната јавност за значењето на раниот детски рзавој;

5. Зајакнување на капацитететите на воспитно-згрижувачкиот персонал и стручните служби за инклузивни практики во предучилишното обрзование;

6. Зголемување на опфатот и обезбедување на поголема правичност во пристапот на сите деца до установи за предучилишно образование. Во настојувањата за зголемување на опфатот идните интервенции треба да се насочаат кон вклучување на деца кои потекнуваат од семејстава со социјални ризици, но и на деца кои имаат потешкотии во раното учење. Крајнатра цел би била да се обезбедат стандардите на правичност и еднаквост во пристапот кон овие социјални сервиси, финансирани од јавните фондови;

7. Потребно е да се стимулира покривање на трошоците за воспитно- образовната компонента на поголем број на деца вклучувајќи ги и децата од социјално ранливите семејства, а да се дестимулира покривање на трошоци за згрижувачката компонента, од која поголем дел треба да е на терет на родителите;

8. Унапредување на квалитетот на работата на сервсите за предучилишно згрижувања и воспитание од аспект на вклученост на родителите во реализација на одредени

воспитни активности и нивно мотивирање да го потикнуваат детскиот развој и во семејна атосфера и

9. Воведување на задолжително предучилишно воспитание за децата на возраст од пет до шест години.

**Библиографија**


- Генерално собрание на Обединети нации (1989), *Меѓународната конвенција за правата на детето*;
- Пејковски. Ј., (2008). *Социјален развој*- Скопје: Филозофски факултет;
- Влада на Република Македонија Скопје (2008), *Националниот развоен план 2008 - 2013 на Република Македонија*;
- Владата на Република Македонија Министерство за труд и социјална политика Скопје (2008), *Стратегијата за демографски развој на Република Македонија 2008 – 2015*
- Генерален Секретеријат на Влада на Република Македонија (2007), *Прирачник за креирање политики*
- "Законот за заштита на децата". Во: *Службен весник на Република Македонија*, бр.98/00, 17/03, 65/04, 113/05, 98/08, 107/08, 83/09, 156/09, 51/11 и 157/11;
- "Закон за зштита на децата". Во: *Службен весник на Република Македонија* бр.13/2013,14/14,44/14.144/14;
- "Правилник за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца". Во: *Службен весник на Република Македонија* бр. 28/14,40/14 и 136/14;
- "Правилник за поблиските условите, критериуми и начинот за остварување на правата за заштита на децата". Во *Службен весник на Република Македонија* бр. 62/2013;
- "Правилник за формата и содржината на обрасците на барањата и потребната документација за остварување на правата за заштита на децата". Во *Службен весник на Република Македонија* бр. 70/2013;

- “Правилник за формата и содржината на барањето за донесувања на решение од директорот на центарот за социјална работа”. Во *Службен весник на Република Македонија* бр. 61/2013;
- “Правилник за начинот на водење на евиденцијата и документацијата и за содржината и формата на евиденцијата и документацијата за правата за заштита на децата”. Во *Службен весник на Република Македонија* бр. 62/2013);
- “Правилник за поблиските услови и начинот на вршење на работите на агенцијата за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст, односно до поаѓање во основно училиште и деца на возраст до десет години живот”. Во *Службен весник на Република Македонија* бр. 61/2013;
- “Правилник за формата, содржината и начинот на водење на евиденција на корисниците на услугите како и на дадените услуги на агенција за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст”. Во *Службен весник на Република Македонија* бр. 61/2013;
- “Правилник за формата и содржината на службената легитимација на лица ангажирани на повик од агенција за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст”. Во *Службен весник на Република Македонија* бр. 61/2013;
- “Правилник за поблиските услови, критериуми и начинот на вршење на одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст како професионална дејност на физички лица”. Во *Службен весник на Република Македонија* бр. 62/2013;
- “Правилник за формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата на корисниците и дадените услуги од страна на физичко лице кое самостојно врши одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност”. Во *Службен весник на Република Македонија* бр. 62/2013;
- “Правилник за формата и содржината на образецот, начинот на издавање, употреба и одземање на службената легитимација и

евиденцијата на издадените и одземените службени легитимации на инспектори за вршење надзор". Во *Службен весник на Република Македонија* бр. 61/2013;

- "Правилник за формата и содржината на образецот на службената легитимација на овластено лице, начинот на нејзиното издавање, употреба, одземање и евиденција на издадените и одземените легитимации на овластени лица на општините, на општините во градот Скопје, односно на градот Скопје за вршење на инспекциски надзор". Во *Службен весник на Република Македонија* бр. 62/2013;
- "Правилник за начинот на работа и обезбедување на услови за остварување на педагошко - методската практика на студентите од соодветните студии за предучилишно воспитание и други соодветни факултети во јавните установи за деца". Во *Службен весник на Република Македонија* бр. 61/2013;
- "Правилник за поблиските критериуми за формирање и работа на советувалиштето за деца и родители во јавна детска градинка/јавен центар за ран детски развој". Во *Службен весник на Република Македонија* бр. 62/2013;
- "Правилник за начинот на стручно усовршување на вработените во установите за деца". Во *Службен весник на Република Македонија* бр. 61/2013;
- "Правилник за начинот на давање на услугите на јавната детска градинка во други просторни услови". Во *Службен весник на Република Македонија* бр. 61/2013;
- "Правилник за формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата и начинот на водење на евиденцијата за спроведената едукација". Во *Службен весник на Република Македонија* бр. 62/2013;
- "Правилник за начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа на директори на установи за деца, стручни работници, стручни соработници, воспитувачи и негователи во системот за згрижување и воспитание на деца од

предучилишна возраст, начинот на спроведување на обуките, како и за формата и содржината на образецот на лиценцата за работа". Во *Службен весник на Република Македонија* бр.62/2013;

- "Правилник за формата, содржината и начинот на водење на Централниот регистар на установи за деца, регистарот на јавните установи за деца основани од општината и општината во градот Скопје, регистарот на агенции за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст и регистарот на физички лица кои самостојно вршат одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност". Во *Службен весник на Република Македонија* бр. 61/2013;
- "Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на издадени, обновени, продолжени и одземени лиценци за работа". Во *Службен весник на Република Македонија* бр. 64/2013;
- "Правилник за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во детска градинка и центар за ран детски развој". Во *Службен весник на Република Македонија* бр. 87/2013, бр. 154/13, бр. 127/14;
- "Правилник за индикаторите за вреднување на успехот на планираните активности од развојниот план на установите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст-усогласен со Секретаријат за законодавство". Во *Службен весник на Република Македонија* бр. 87/2013;
- "Правилник за начинот на водењето на евиденцијата, како и содржината и формата на евиденцијата во установа за деца". Во *Службен весник на Република Македонија* бр. 88/2013;
- "Правилник за поблиските услови, критериуми и начин на остварување на право на партиципацијаво трошоците за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на деца во јавните установи за деца". Во *Службен весник на Република Македонија* бр. 19/2014;

- "Програма за рано учење и развој". Во *Службен весник на Република Македонија* бр. 46/14;
- Министество за Труд и Социјална Политика (2009).*Стандарди за рано учење и развој МТСП*;
- UNICEF (2013). *Програма-Јакнење на системот за правата на детето/ран детски развој*;
- UNICEF (2012). *Инклузија на ромите во раното детство*;
- UNICEF (2010). Фер игра/Јан ван Равенс-Скопје Министерство за труд и социјална политика;
- Министерство за образование и наука на РМ Скопје (2005). *Национална програма за развој на образованието во Р.Македонија, 2005-2015*;
- Нацрт-програма за развој на предучилишно воспитание и образование, Скопје (јуни, 2005);
- Министерство за образование и наука на РМ (2005). *Програма за воспитно-образовна работа во подготвително одделение*;
- Биро за развој на образование (2007). *Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование*;
- Геровска.М., (2009). *Благосостојбата на децата и младите во време на економска криза*;
- Горгиевски.П.,(1998). *Методологија на истражување на општествените појави.* Скопје, Филозофски факултет;
- Доневска.М., Геровска-Митев.М., (1999). *Социјална работа и социјална политика.* Скопје, Филозофски факултет;
- Ванковска.Б.,(2007). *Политички систем.* Скопје: Бомат графикс;
- Лоренс, Њуман.(2009). *Општествено истражувачки методи.*Скопје: Просветно дело, *превод;*
- Ружин.Н., (2004). *Социјална политика.* Скопје:
- Трајковски. И., (2005). *Политика на човековите права I дел: основни поими.* Скопје: Филозофски факултет;
- World Bank (2002). *From Early Child Development to Human Development*;

- Ramey.CT and S.L.Ramey (1998). *Prevention of Intellectual Disabilities: Early Intervention to Improve Cognitive Development. Preventive Medicine 27:224-32*;
- Sharon.L.Kagan, Pia Rebello Britto (2005). *Going global with Early Learning and Development standards*. Columbia University;
- S.Bredecamp and C.Coople (1996) (1997 revised edition). *National Association for the Education of Young Children (NAEYC) Position Statement : Developmentally appropriate practice in early childhood programs serving children from birth through 8*. Washington DC;
- Shonkoff, J.P., & Phillips, D.A. (Eds.) (2000). *From neurons to neighborhoods: The science of early childhood development*. Washington, DC: National Academy Press;
- Tha State of Washington (2005). *Washington State Early Learning and Development Benchmarks: A guide to Young Children's Learning and Development :From birth to kindergarten entry*;
- "Early Child Development- Why invest in ECD" (worldbank.org). Available at: http://web.worldbank.org/
- McCartney.K (2004). *Current research on Child care effects in R.E Tremblay . R.G.Barr and R.D.V Peters(eds), Encyclopedia on Early Child Development*
- C.Landers, (2002), *Milestones in early child development, Developmental Pediatrics*;
- Kendel JS (2003). *Setting standards in early childhood education,The first year of school, 64-68*;
- Chazen-Cohen. R,Jerald. Jand Stark DR, ( 2001). *A commitment to supporting the mental health of our younger children, Zero to three 22(I) 4-12*;
- Rily Jeni, (2006). *Language and literacy 3-7 Creative Approaches to teaching*. SAGE Publications Ltd. pg.1;
- Sharon Lynn Kagan Ed. Pia Rebelo Kristie Kauerz, Kate Tarrant, (2005). *Washington State Early learning and development benchmarks*. National Center for Children and Families, Teachers College, Columbia University, pg. 149;

- Department for Education and Employment (2000). *Curriculum guidance for the foundation stage.* London;
- WHO (2004). *Child and adolescent health and development: The importance of caregiver-child interaction for the survival and healthy development of young children*;
- Burns, M.S, Griffin P & Snow(Eds) (1999). *Starting out right: A guide to promoting children's reading success.* Washington DC, National academy Press;
- Korelak, D( Ed) (2003). *Spotlight on young children and language. Washington DC: National Association for the Education of Young Children*;
- Schickedanc, J.A (1999). *Much more than ABC's :The early stages of reading and writing.* Washington DC: National Association for the Education of Young Children;
- US Department for health and Human services /Administration for Children and Families /Head Start Bureau (2000). *Head Start Child Outcome Framework.* Available at: http //www.hsnrc.org./CDI/pdfs/UGCOF.pff;
- Shore R, Bodrova E, Leong D. (2004). *Child outcome standards in pre-k programs :What are standards; Why is needed to make them work? Preschool policy matters, 5,1-10.* Available at: http//nnieer.org/resources/policybrief, 5pdf;
- Kagan S.L, Scott-Little C (2004). *Early learning standards: Changing the parlance of early childhood education? Phi delta Kappan 85(5) 388-396*;
- Bowman B.T, Donovan M.S (2001). *Eager to learn: Education our preschoolers.* Washington, DC National Academy Press;
- Neumen S.B, CoppleC, & Bredecomp S (1997). *Learning to read and write: Developmentally appropriate practices for young children.* Washington, DC:NAEYC;
- National institute of Child and Human Development (2000). Report of the national reading panel: Teaching children to read: *An evidence*

*based assessment of the scientific research literature on reading and its implication for reading instruction*. Washington DC;

- European Commission/EACEA/Eurydice/Eurostat (2014). *Key Data on Early Childhood Education and Care in Europe. (2014) Edition.* Eurydice and Eurostat Report. Luxembourg: Publications Office of the European Union; European Commission/EACEA/Eurydice/Eurostat, 2014. *Key Data on Early Childhood Educationand Care in Europe. 2014 Edition.* Eurydice and Eurostat Report. Luxembourg: Publications Officeof the European Union.
- Релативна сиромаштија во 2011 година, (stat.gov.mk). Достапно на: http://www.stat.gov.mk/pdf/2012/4.1.12.50.pdf;
- Лаекен индикатори за сиромаштијата во 2010 година, (stat.gov.mk). Достапно на: http://www.stat.gov.mk/pdf/2012/4.1.12.83.pdf;
- Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002, (stat.gov.mk). Достапно на: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/knigaXIII.pdf;